СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 24 октомври 2001 Скопје Број 84 Год. LVII

Претплатата за 2001 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 120 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1488.

Врз основа на член 84, став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

У К А З

ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА

Се отповикува

I

Г-дин Јован Теговски, од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Белгија, со седиште во Брисел.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ бр. 28/12-577
19 октомври 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

1489.

Врз основа на член 84, став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

У К А З

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА

Се поставува

I

Г-дин Сашко Стефков, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Белгија, со седиште во Брисел.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ бр. 29/12-578
19 октомври 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

1490.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9 октомври 2001 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ВИЗЕН РЕЖИМ ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА

1. Владата на Република Македонија, воведува визен режим за државјаните на Република Унгарија.

2. За унгарските државјани се воведуваат визи почнувајќи од 09.10.2001 година. Визите ќе се издаваат во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

3. Врз база на взаемен договор меѓу двете страни, носителите на дипломатски и службени патни исправи, ќе бидат ослободени од визниот режим.

4. Ослободувањето од одредени визни обврски, а особено добивање на македонски визи за унгарските државјани на граничните премини ќе се определува врз основа на взаемност, а по претходен предлог на министерот за надворешни работи на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5674/1
9 октомври 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1491.

Врз основа на членовите 1, 4 и 12 од Законот за републичките награди ("Службен весник на СРМ" бр. 40/87 и 36/89 и "Службен весник на РМ" бр. 82/99), Одборот за доделување на наградата "11 Октомври", на седницата одржана на 27.09.2001 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "11 ОКТОМВРИ" ЗА 2001 ГОДИНА ЗА ДОЛГОГОДИШНИ ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ВО КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА, НАУКАТА, ОБРАЗОВАНИЕТО И СТОПАНСТВОТО ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За долгогодишни особено значајни остварувања во областа на културата и уметноста, наградата се доделува на:

1. Мето Јовановски, актер
2. Александар Цветкоски, академски сликар, графичар, дизајнер
3. Запро Запров, диригент
4. проф. Стојан Стојков, композитор.

II. За долгогодишни особено значајни остварувања во областа на науката и образованието, наградата се доделува на:

1. проф. д-р Димитар Кафтанџиев, хирург
2. Државен архив на Македонија.

III. За долгогодишни особено значајни остварувања во областа на стопанството, наградата се доделува на:

1. Ристо Гушков, инженер технолог, ген. директор на Цементарница "Усје" АД.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 2174/1
2 октомври 2001 година
Скопје

Претседател на Одборот,
Матеја Матевски, с.р.

1492.

Врз основа на член 85 од Законот за стандардизација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95), министерот за економија, донесува

НАРЕДБА
ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ (ХОМОЛОГАЦИЈА) НА ВОЗИЛАТА НА ТРКАЛА НА ОПРЕМАТА И ДЕЛОВИ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Задолжително атестирање (хомологацијата) се врши на поедини карактеристики на друмските моторни возила и нивните приколки во Република Македонија (во натамошниот текст: возила), односно на нивните делови и опрема како и вкупната постапка за хомологација на типот на возило како целина и постапките за спроведување на поедини наредби за хомологација, како и определување на техничката документација за возилата и условите за употреба на хомологираните резервни делови.

Возила во смисла на став 1 од овој член се возилата кои се класифицирани со Правилникот на економската комисија за Европа при ОН-ЕСЕ (дадени во Прилог 1 која е составен дел на оваа наредба).

Член 2

Со хомологација на типот на возилото како целина се проверува и утврдува сообразноста на возилото со техничките прописи што се однесуваат на возилата, а кои важат во Република Македонија на денот на увозот односно на прегледот на возилото. Возилото е во согласност со техничките прописи доколку има поединечни хомологации издадени според меѓународни технички прописи кои се во сила во Република Македонија.

Сообразноста на возилото со техничките прописи се потврдува со документ за хомологација на тип на возило на Службата за стандардизација и метрологија или со изјава за сообразност на единечно прегледано возило на овластената стручна организација.

Член 3

Хомологацијата се применува за возилата што се произведени, увезени или привремено увезени во Република Македонија.

Утврдување на сообразноста на возилото се врши пред увозот на возилата, односно пред продажбата на возилата за возилата кои се произведени односно доработени во Република Македонија.

Член 4

Хомологација се врши за тип возило која важи за неопределен број на возила од ист тип како и за поединечно возило кога се работи само за едно возило.

Хомологацијата се врши во постапка која се состои од два дела:

Во првиот дел со хомологацијата се проверуваат карактеристиките на возилото и на неговите делови и опрема како и пооделните елементи од возилото.

Во вториот дел се проверува сообразноста на возилото како целина.

Се смета дека возилото е сообразно со техничките прописи и тогаш кога хомологацијата на карактеристиките на возилото и на неговите резервни делови и опрема е издадена според наредбите за хомологација, односно странски прописи кои по содржина се истоветни со прописите што се во сила во Република Македонија.

Член 5

Хомологацијата може да биде и повекефазна, доколку при изработката на целокупното возило учествуваат повеќе произведувачи.

За секое возило што поединечно се увезува произведува, составува или преправа, како и возило од царински извор треба да се изврши постапка за поединечно одобрување во овластената стручна организација. Во случај кога возилото ги исполнува условите на подносителот му се издава изјава за сообразност на единечно прегледано возило со која се потврдува сообразноста на возилото согласно член 2 став 2 од оваа наредба.

Изјавата за сообразност на единечно прегледано возило е задолжителен документ, што сопственикот на возилото го приложува кон барањето за прва регистрација на возилото во Република Македонија.

Член 6

Хомологацијата на поедини карактеристики на возилото, на неговите делови и опрема опфаќа: технички дел на испитувањата, тестирањата и преглед на документацијата и издавање на документ за хомологација од став 2 од член 3.

Член 7

Хомологација по една од наредбите за хомологација за карактеристиките на возилата и на нивните делови и опрема, производителот на деловите или опремата за возилата ја започнува со поднесување на барање до Службата за стандардизација и метрологија.

Член 8

Службата за стандардизација и метрологија пред да донесе документ за хомологација на возилото, на неговите делови и опрема по една од наредбите за хомологација, утврдува дека производителот го задоволува бараниот квалитет во оној дел на производниот процес во кој се произведува производот за кој бара хомологација, односно да има потврда за признавање на системот за квалитет од Службата за стандардизација и метрологија.

Член 9

Утврдување на сообразност на возилата со хомологиран тип на возило не е потребна во случаи кога се работи за:

1. Употребувани возила со музејска вредност, а како такви возила се сметаат постарите возила од 30 години или други возила, на кои таков статус му утврдила Службата за стандардизација и метрологија врз основа на мислење од овластена стручна организација.

2. Возила кои привремено се увезуваат заради учество во натпревари, саеми и други приредби, организирани на подрачјето на Република Македонија. Привременот увоз на овие возила може да трае најмногу 30 дена.

3. Спортски моторни возила од аматерска самоградба кои не се направени за возење во друмскиот сообраќај и не се регистрираат, а се наменети само за употреба на натпревари.

4. Возила, подарени на хуманитарните организации исклучиво за вршење на нивната хуманитарна дејност доколку имаат важечка национална хомологација од земјата дародател.

5. Возила кои пред внесувањето во Република Македонија биле регистрирани во Република Македонија.

6. Моторните и приклучните возила за кои се води постапка за одземање или веќе се ставени на располагање за јавна продажба (лицитација), како и за возилата од истиот контингент кои се наменети за бесплатно отстапување и продажба, согласно член 71 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" број 21/98, 63/99, 25/2000, 109/2000 и 31/2001) и Уредбата за начинот на продажба и поставување со царинска стока и распределба на средствата стекнати од продажбата ("Службен весник на Република Македонија" број 20/2000).

Член 10

Документ за хомологација на типот на возилото врз основ на непотполни документи за хомологација, односно изјава за сообразност на единечно прегледано возило, Службата за стандардизација и метрологија во согласност со Министерството за внатрешни работи, а по претходно мислење од овластена стручна организација го издава во постапката за хомологација на пооделно моторно возило во следниве случаи:

1. За возила што ги увезуваат државјани на Република Македонија кои за постојано се враќаат од привремен престој во странство, доколку во странство провеле најмалку една година непрекинато или возилата што ги увезуваат странци кои добиваат дозвола за постојано населување во Република Македонија, како и возилата кои се увезуваат врз основа на судско решение за наследство;

2. Подарени возила од странски хуманитарни организации во нашата земја на домашни правни субјекти;

3. Возила со специјална намена, односно со специјални изведби (противпожарни, блиндирани, за посебни воени потреби и слично);

4. Возила што се изработени според важечки европски или меѓународни прописи од областа на хомологацијата, а тие сеуште не се важечки во нашата земја; и

5. За привремен увоз на возилата за посебни потреби се бара претходно мислење од надлежен државен орган.

Член 11

Исполнувањето на барањата согласно член 2 став 2 од оваа наредба го докажува производителот во Република Македонија, за сериски произведеното возило или овластениот застапник-увозник со изјава за сообразност со хомологиран тип возило.

Изјавата за сообразност со хомологиран тип возило се приложува со секое возило кое се продава.

Изјавата за сообразност на возилото со хомологираниот тип возило е задолжителен документ, што сопственикот на возилото го приложува кон барањето за прва регистрација на возилото во Република Македонија.

Изјава за сообразност на возило со хомологиран тип возило издава производителот на возилото во Република Македонија за сериски произведените возила, односно овластениот застапник-увозник, врз основа на документот за хомологација на тип возило.

Член 12

Сообразноста на возилата во целина ја утврдува овластената стручна организација.

За сите возила кои имаат единствена европска хомологација на овластениот застапник - увозник му се издава документ за хомологација на типот возило врз основа на веродостојна копија на изворниот хомологациски документ (без барање да се приложат единечни хомологации).

Член 13

За произведените и увезените возила во Република Македонија од ист изведен тип на возило, на производителот, застапникот или увозникот му се издава изјава за сообразност на возилата за единечно произведени возила до три примероци од ист изведен тип на возило.

Член 14

Овластениот увозник на кого му е издаден документот за хомологација на тип возило, може да увезе вкупно до десет примероци од возила од категоријата (утврдени во Прилогот 1) L, Ml, Nl, 01 и 02 или пет примероци од категоријата M2, M3, N2, N3, 03 и 04, кои се изведби од некој хомологиран тип возило, што типската хомологација не ги опфаќа, односно еднаков број на примероци од новиот тип на возило, доколку се работи за тип и марка на возило, од која некој тип возило веќе добил документ за хомологација за тип возило, или оној нов тип кој сеуште не е хомологиран. За добивање на изјава за сообразност на возилото се применува постапката што е пропишана за поединечно увезени возила.

Одредбите од став 1 на овој член се применуваат и за увозници што немаат статус на овластени увозници, ако им е издаден документ за хомологација на тип возило.

Член 15

Увозник кој веќе има документ за хомологација за типот на возилото за основно возило, наменето за надградба, може по постапката за поединечно одобрување без количински ограничувања да увезува и целосни возила кои се произведени на хомологираното основно возило.

Член 16

Увозниците кои немаат документ за хомологација на тип возило, можат да увезуваат возила само на начин пропишан за поединечно увезените возила согласно член 13 од оваа наредба.

Член 17

За употребувани возила од увоз од сите категории, овластениот увозник или овластената стручна организација врши поединечен преглед на возилото и издава изјава за сообразност на единечно прегледано возило, ако ги исполнува условите од оваа наредба.

Како употребувано возило се смета она возило кога од денот на првата регистрација поминало најмалку три месеци и за тоа време возилото поминало најмалку 3000 км. Условот за поминати најмалку 3000 км не се однесува за приклучни возила.

За оштетени возила може да се изврши поединечен преглед само доколку возилото не е оштетено повеќе од 10% (од вредноста на неоштетеното возило) при што не смее да биде оштетен ниеден елемент кој битно влијае на безбедност на возилото, односно е поврзан со геометријата на тркалата.

Член 18

При царинењето на возилото увозникот приложува документ за хомологација на тип возило, или изјава за сообразност на единечно прегледано возило.

Увозникот не ги приложува наведените документи само во случаите од член 9 на оваа наредба и во случај на привремен увоз на возило мостра заради добивање документ за хомологација на тип возило односно изјава за сообразност на единечно прегледаното возило.

Член 19

За сите составни делови и опрема на возилата, за кои според соодветни наредби е пропишана хомологација, производителот, увозникот или продавачот може да пушти во промет на пазарот само оригинални резервни делови, односно хомологирани резервни делови опремени со хомологациска ознака и ознака на производителот. Тоа се однесува за резервните делови, што се непосредно вклучени во поедини хомологирани склопови односно системи на возила, како што се облоги за кочници, издувни колектори, светлосна електрична опрема и друго.

Член 20

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-6164/2
15 октомври 2001 година
Скопје

Министер,
м-р **Бесник Фетаи**, с.р.

КЛАСИФИКАЦИЈА НА ВОЗИЛАТА СПОРЕД ЧЛЕН 2, СТАВ 2 ОД НАРЕДБАТА

Категорија L: Моторни возила со помалку од четири тркала

L1: Возила на две тркала со работна зафатнина на цилиндрите на моторот која не преоѓа 50 (cm^3) и максимална конструктивна брзина која не преоѓа 50 (km/h).

L2: Возила на три тркала со работна зафатнина на цилиндрите на моторот која не преоѓа 50 (cm^3) и максимална конструктивна брзина која не преоѓа 50 (km/h).

L3: Возила на две тркала со работна зафатнина на цилиндрите на моторот која преоѓа 50 (cm^3) или максимална конструктивна брзина поголема од 50 (km/h).

L4: Возила на три тркала, асиметрично поставени во однос на средната подолжна оска, со работна зафатнина на цилиндрите на моторот преку 50 (cm^3) или максимална конструктивна брзина поголема од 50 (km/h) (моторцикл со бочна приколка).

L5: Возила на три тркала, симетрично поставени во однос на средината подолжна оска, чија што најголема маса не надминува 1000 (cm^3) или максимална конструктивна брзина поголема од 50 (km/h).

Категорија M: Моторни возила со најмалку четири тркала или со три тркала доколку нивната најголема маса надминува 1000 (kg), кои се наменети за превоз на патници:

M1: Возила за превоз на патници кои, покрај седиштето на возачот, имаат најмалку осум седишта и чија најголема маса не преоѓа 3500 (kg).

M2:Возила за превоз на патници кои, покрај седиштетото на возачот, имаат повеќе од осум седишта и чија најголема маса не преоѓа 5000 (kg).

M3: Возила за превоз на патници кои, покрај седиштетото на возачот, имаат повеќе од осум седишта и чија најголема маса преоѓа 5000 (kg).

Категорија N: Моторни возила со најмалку четири тркала или со три тркала доколку нивната најголема маса надминува 1000 (kg) , кои се наменети за превоз на товар:

N1: Возила за превоз на товар чија најголема маса не преѓа 3500 (kg).

N2: Возила за превоз на товар чија најголема маса преоѓа 3500 (kg), а е помала од 12000 (kg).

N3: Возила за превоз на товар чија најголема маса преоѓа 12000 (kg).

Категорија O: Приколки (вклучително полуприколки).

01: Едноосни приколки (исклучувајќи ги полуприколките) чија што најголема маса не преоѓа 750 (kg).

02: Приколки чија што најголема маса не преоѓа 3500 (kg), исклучувајќи ги приколките од категоријата 01.

03: Приколки чија што најголема маса преоѓа 3500 (kg), но не и 10000 (kg).

04: Приколки чија што најголема маса преоѓа 10000 (kg).

Забелешки

за категориите M и N:

Во случај на влечно возило кое е наменето за влечење на полуприколка, за најголема маса за категоризација на возилото се зема масата на влечното возило (во состојба спремно за возење) зголемена за најголемата маса која му се пренесува од полуприколката и за најголемата маса на баластот - товарот на влечното возило (ако тоа е предвидено).

Опремата и инсталациите, монтирани на некои специјални возила, кои не се наменети за превоз на патници (автодигалки, подвижни работилници, продавници, се сметаат како товар во смисла на класисрикацијата на возилата).

за категоријата O

При полуприколките, на најголема маса за определување на категоријата на возилото се смета делот од вкупната маса на целосно оптоварената полуприколка кој, кога таа е прикачена на влечното возило, се потпира на оската, односно на оските на полуприколката.

1493.

Врз основа на член 51 став 5 и член 52 став 2 од Законот за девизното работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2001 и 49/2001), министерот за финансии донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ДЕПОНИРАЊЕ И ВРАЌАЊЕ, ОДНОСНО ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на депонирање и враќање, односно издавање, на привремено одземените предмети од страна на инспекторот, односно овластените органи (во натамошниот текст: депоненти) и тоа: ефективни домашни и странски пари, чекови, монетарно злато и хартии од вредност, кои се предмет на прекршок или кривично дело, или кои биле наменети за извршување или настанале со извршување на кривично дело или прекршок.

II. ДЕПОНИРАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Член 2

Привремено одземените ефективни домашни и странски пари, чекови, монетарно злато и хартии од вредност, депонентите ги депонираат во Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка) со Записник за депонирање и спецификација.

Предметите од став 1 на овој член, се депонираат во рок од 5 (пет) работни дена од денот на одземањето.

Член 3

Во записникот од став 1 на член 2 од овој правилник се внесуваат следните податоци:

- назив на депонентот;
- датум на депонирањето на предметите;
- присутни лица и својство;
- за привремено одземените предмети од физички лица-резиденти или нерезиденти се внесуваат следните податоци: име и презиме, адреса и место на живеење, единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта и од кого е издадена, или број на патна исправа и каде е издадена;
- за привремено одземените предметите од правните лица-резиденти или останати нерезиденти се внесуваат: име на субјектот, адреса и седиште, број на решението од трговскиот регистар, односно решение за упис од надлежен орган и даночен број;
- вкупен износ на ефективните домашни или странски пари и ознака на валутата; број и вредност на чековите, нивниот издавач и на која валута гласат; вкупната тежина и чистота на монетарното злато; бројот и видот на хартиите од вредност, нивната номинална вредност, назив на издавачот и сопственикот.

Пред депонирањето на монетарното злато во Народна банка, овластено лице од депонентот во присуство на лицето од кое е привремено одземено и овластено лице од Народна банка, во овластена институција му се утврдува тежината и чистотата.

Составен дел на Записникот е спецификацијата на предметите која ги содржи следните податоци:

За ефективните домашни или странски пари: назив на валутата, износ по апоени и сериски број и вкупен износ;

За чековите: назив на издавачот, поединечен износ на чековите и на која валута гласат, сериски и контролен број на чековите и вкупен износ по валути;

За монетарното злато: неговата тежина и чистота;

За хартиите од вредност: видот на хартијата,назив на издавачот, ознака на серијата со контролен број, назив на сопственикот на хартијата од вредност, поединечна номинална вредност на хартијата од вредност со рок на доспевање на хартијата од вредност.

Член 4

Записникот го потпишуваат овластени лица од депонентот и од Народна банката.

Записникот и спецификацијата се составуваат во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 примероци за депонентот и за Народна банка.

Член 5

Денарската противвредност на одземените предмети за кои е изречена мерка за безбедност со правосилна судска одлука од член 5 и член 7 став 1 алинеја 4 од овој правилник, се депонира на посебна сметка во Буџетот на Република Македонија - приходи од одземени средства по посебни прописи.

III. ВРАЌАЊЕ,ОДНОСНО ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Член 6

Привремено одземените предмети се враќаат, односно издаваат, по правосилна судска одлука донесена во прекршочна постапка, откако од страна на надлежниот суд на Народна банка ќе ѝ бидат доставени:

- правосилна пресуда или решение;
- налог за извршување на пресудата или решението во делот на изречената мерка за безбедност-одземање или делумно одземање на предметот на прекршокот, или целосно враќање, односно издавање; и
- записник за депонирање на предметите со спецификација.

Член 7

Враќањето, односно издавањето, на ефективните домашни или странски пари, се врши на девизна или денарска штедна книшка или сметка, односно на жиро сметка на резидентот.

Народна банка го потврдува враќањето, односно издавањето, на чекови, монетарно злато и хартии од вредност на резидентот.

Народна банка го потврдува враќањето, односно издавањето, на ефективни домашни или странски пари, чекови, монетарно злато и хартии од вредност на нерезидентот, со цел нивно изнесување од Република Македонија.

Член 8

Враќањето, односно издавањето, на привремено одземените предмети се врши врз основа на донесено:

- Решение на јавниот обвинител за отфрлање на кривичната пријава,
- Решение на истражен судија за запирање на кривичната постапка,
- Решение за запирање на кривичната постапка по приговор на обвинителниот акт,
- Правосилна судска пресуда.

Депонентот по службена должност или по барање на резидентот или нерезидентот до Народната банка доставува: налог за враќање, односно издавање на

привремено одземените предмети, едно од решенијата од став 1 на овој член, записник за депонирани предмети со спецификација.

Член 9

За вредноста на вкупно депонираните и вратените предмети во тековната година, најдоцна до истекот на првиот квартал во наредната година Народната банка го известува Министерството за финансии.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на отпочнување на примена на Законот за девизното работење.

Бр. 09-19098/1 Министер,
8 октомври 2001 година **Никола Груевски,** с.р.
Скопје

1494.

Врз основа на член 44 став 3 од Законот за девизното работење ("Службен весник на РМ" бр. 34/01 и 49/01), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА МЕЃУСЕБНОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА НАДЗОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на меѓусебно известување на органите за надзор.

Член 2

Меѓусебното известување се врши преку:

- размена на податоци кои што се неопходни за постапката на вршење надзор над работењето на резидентите и нерезидентите и нивните надлежности;
- организација на заедничкиот надзор;
- известување за нерегуларностите до кои органите на надзор дошле при извршување на надзорот, доколку таквите резултати се битни за работата на другите органи на надзор, и
- известување за други заеднички активности кои придонесуваат за координирано извршување на надзорот, зголемувајќи ја ефективноста на органите на надзор и на работењето на финансискиот пазар.

Член 3

За целите на меѓусебна размена на информации и консултации, претставниците на органите на надзор се среќаваат најмалку еднаш во три месеци и почесто доколку е потребно.

Обврската за свикување редовни и евентуално вонредни заеднички состаноци, составување записници и годишни извештаи, секоја година, преминува на друг орган на надзор. Првите заеднички состаноци ги иницира Министерството за финансии.

На заедничките состаноци, претставниците на органите на надзор ги планираат и координираат нивните заеднички напори и одржуваат консултации за други поодделни работи поврзани со работата на два или на сите органи на надзор како и други заеднички активности.

Член 4

Органите на надзор треба правилно да известуваат за нерегуларностите до кои дошле за време на надзорот, доколку таквите резултати се битни за работата на другите органи на надзор.

Доколку органот на надзор при извршувањето на налогот за надзор утврди дека друг орган на надзор треба исто така да земе учество во надзорот, потребно е веднаш да се извести тој орган за неговите обврски.

Член 5

Барањето за доставување информации треба да биде писмено и треба да ја специфицира намерата за која се бараат тие информации од страна на надлежниот орган.

Органот на надзор во рок од 15 дена од приемот на барањето од друг орган на надзор ги доставува информациите и податоците кои се бараат.

Кога органот на надзор не е во можност да ги обезбеди бараните информации и податоци во определениот рок, во истиот рок го известува органот на надзор од страна на кој се бараат тие информации и податоци преку посочување на времето кога тие информации ќе бидат расположливи.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на отпочнување на примена на Законот за девизното работење.

Бр. 09-19098/1 Министер,
8 октомври 2001 година **Никола Груевски,** с.р.
Скопје

1495.

Врз основа на член 12 став 5 од Законот за девизното работење ("Службен весник на РМ" бр. 34/01 и 49/01), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕТО, УПИСОТ НА ВЛОЖУВАЊЕТО, КАКО И СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ НА НЕРЕЗИДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Овој правилник го пропишува начинот на пријавувањето, уписот и сите понатамошни измени на вложувањето, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на недвижности на нерезидентите во Република Македонија (во натамошниот текст: "регистар").

Член 2

Нерезидентите ги пријавуваат вложувањата во недвижности во Република Македонија и сите понатамошни измени во рок од 60 дена:

- од денот на вложувањето на средствата за стекнување на недвижност во Република Македонија, односно од промените на истото во истиот рок; или
- од промената на други податоци во РНН образецот.

Во смисла на став 1 на овој член под вложување на средства се смета потпишан договор, одлука или друга легална трансакција која претставува основа за стекнување или измена на вложувањето во недвижност во Република Македонија.

Член 3

Пријавување за упис на вложувањето или на сите понатамошни измени се врши со пријава дадена на РНН образецот, кој е составен дел на овој правилник.

При поднесување на податоците за измената, нерезидентот ги пополнува со нови податоци само оние полиња во образецот кај кои има промени во однос на првата пријава со која му е доделен регистарскиот број во регистарот, во согласност со овој правилник.

Член 4

Во случај на потполна пријава за вложувањето во недвижност, односно за измена на истото, на нерезидентот му се потврдува уписот во регистарот во рок од 15 дена од денот на пријавувањето.

Во случај да се констатира дека пријавата за регистрација не ги содржи сите потребни податоци, односно дека пријавата не е поднесена во пропишана форма, се повикува нерезидентот во рок од 15 дена од повикувањето да ги обезбеди податоците кои недостасуваат.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на отпочнување на примена на Законот за девизното работење.

Бр. 09-19098/1 Министер,
8 октомври 2001 година **Никола Груевски,** с.р.
Скопје

Министерство за финансии

РЕГИСТРАЦИЈА НА ВЛОЖУВАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО НЕДВИЖНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

☐ А. Вложување во недвижност
☐ Б. Промена на вложувањето во недвижност
☐ В. Бришење од регистер

Регистрациски број (се доделува) ☐☐☐☐☐☐ / ☐☐☐☐☐

1. ПОДАТОЦИ ЗА НЕРЕЗИДЕНТОТ ☐☐

1 1. Вид на нерезидент:
1 2. Име на нерезидентот: _____
-Адреса: _____
-Место на живеење: _____
-Поштенски број: ☐☐☐☐☐
-Матичен број: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
-Даночен број: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
1 3. Одговорно лице: _____

2. ПОДАТОЦИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕТО ВО НЕДВИЖНОСТ

2 1. Датум на настанување /промена на вложувањето (дд.мм.гггг): ☐☐.☐☐.☐☐☐☐
2 2. Шифра на државата ☐☐
-Назив на државата _____

2 4. Настанување /зголемување/ стекнување на недвижност

2 4 1. Вид на недвижност

			Вредност на вложувањето во денари
☐	01	куќа /дел од куќа/ стан	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	02	деловен простор	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	03	градежно земјиште	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	04	земјоделско земјиште	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	05	друго	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
	06	**Вкупно**	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

Министерство за финансии

2 4 2. Начин на плаќање на недвижноста:

			Вредност на вложувањето во денари
☐	01	уплата преку банка	
☐	02	права	
☐	03	замена	
☐	04	друго	
	05	**Вкупно**	

2 5 Намалување /продажба на недвижноста

2 5 1. Вид на намалувањето:

☐	01	целосна продажба	
☐	02	делумна продажба	
☐	03	пренесување на сопственост	
☐	04	залог	
☐	05	концесија	
☐	06	друго	
	07	**Вкупно**	

3. ЗАБЕЛЕШКА

Се согласувам, дека податоците се користат за статистика, а не и за други намени, освен оние кои имаат законска основа.

Образецот го подготвил: Одговорно лице:

(име и презиме) (потпис)

(телефонски број)

Образец: **РНР**

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ РНН- РЕГИСТРИРАЊЕ НА ВЛОЖУВАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО НЕДВИЖНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Нерезидентот пополнува дали:

А. настанува вложување во недвижност; или

Б. настанува промена на вложувањето во недвижност;

Полето пред избраната опција се означува со " X".

Полето за регистарски број, кој е доделен на нерезидентот, го пополнува нерезидентот само во случај кога се јавува промена на веќе пријавеното вложување. Нерезидентот се повикува на првото доделување на регистарскиот број во регистарот за недвижности на нерезиденти во Република Македонија, кој се регулира со правилникот. Образецот се пополнува само во полињата во кои има измена на податоците.

Промена на вложувањето во недвижност настанува со:

- зголемување на вложувањето;

- намалување на вложувањето;

- промена на другите податоци за вложувањето во недвижност.

1. Податоци за нерезидентот

1.1. Во полето "вид на нерезидент" се внесува двоцифрена шифра во зависност од видот на нерезидентот.

01	физичко лице
02	правно лице

1.2. Во полето "име на нерезидент" се впишува целосното име на правното лице или име и презиме на физичкото лице, адреса, место на живеење или постојано живеалиште.

Во полето "матичен број" се наведува матичниот број на правното лице од регистарот на правни лица (трговски друштва). Физичките лица не го пополнуваат ова поле.

Во полето "даночен број" се наведува бројот од регистарот на даночни обврзници.

1.3. Во полето "одговорно лице" се внесува името и презимето на одговорното лице на нерезидентот.

2. Податоци за вложувањето во недвижност

2.1. "Датум на вложувањето/промена на вложувањето" е дефинирано во член 2 од Правилникот.

Датумот се впишува во следниот облик: дд.мм.гггг.

2.2. Во полето за држава се впишува "шифрата на државата " и "името на државата". Шифрата е дадена во Упатството на Народната банка, со кое се уредува обврската за работење со странство и е објавено во "Службен весник на РМ".

2.4. Впишување на вложувањето во недвижност

2.4.1. Со знакот X се означува полето пред "видот на недвижност", кој е предмет на регистрација.

Вредноста на вложувањето во недвижност се изразува во денари. Во случај на настанување на вложување во недвижност се внесува целосната вредност на вложувањето на нерезидентот во недвижност, а во случај на промена само зголемената вредност на недвижноста.

Во случај да се избере шифрата 05, со краток опис се определува видот на недвижност.

2.4.2. Со знакот X се означува полето пред "начинот на плаќање на недвижноста". Во случај да се избере шифрата 04, со краток опис се определува начинот на плаќање на недвижноста. Вредноста се изразува во денари.

2.5. Намалување/продажба на недвижноста.

2.5.1. Полето "намалување/продажба на недвижноста" се пополнува во случај на промена, која е последица на намалување на недвижноста. Со знакот X се означува полето пред "видот на недвижноста". Во случај на намалување се внесува намалената вредност на недвижноста изразена во денари.

Во случај да се избере шифрата 03 или 06 се користи пазарната вредност на недвижноста.

1496.

Врз основа на член 11 став 6 од Законот за девизното работење ("Службен весник на РМ" бр. 34/01 и 49/01), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕТО, УПИСОТ НА ВЛОЖУВАЊЕТО, КАКО И СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ НА РЕЗИДЕНТИТЕ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Овој правилник го пропишува начинот на пријавувањето, уписот и сите понатамошни измени на вложувањето, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на недвижности на резидентите во странство (во натамошниот текст: "регистар").

Член 2

Резидентите ги пријавуваат вложувањата во недвижности во странство и сите понатамошни измени во рок од 60 дена:

- од денот на вложувањето на средства за стекнување на недвижност во странство, односно од промените на истото во истиот рок; или

- од промената на други податоци во РНР образецот.

Во смисла на став 1 на овој член под вложување на средства се смета потпишан договор, одлука или друга легална трансакција која претставува основа за стекнување или измена на вложувањето во недвижност во странство.

Член 3

Пријавување за упис на вложувањето или на сите понатамошни измени се врши со пријава дадена на РНР образецот, кој е составен дел на овој правилник.

При поднесување на податоците за измената, резидентот ги пополнува со нови податоци само оние полиња во образецот кај кои има промени во однос на првата пријава со која му е доделен регистарскиот број во регистарот, во согласност со овој правилник.

Член 4

Во случај на потполна пријава за вложувањето во недвижност, односно за измена на истото, на резидентот му се потврдува уписот во регистарот во рок од 15 дена од денот на пријавувањето.

Во случај да се констатира дека пријавата за регистрација не ги содржи сите потребни податоци, односно дека пријавата не е поднесена во пропишана форма, се повикува резидентот во рок од 5 дена од повикувањето да ги обезбеди податоците кои недостасуваат.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на отпочнување на примена на Законот за девизното работење.

Бр. 09-19098/1
8 октомври 2001 година
Скопје

Министер,
Никола Груевски, с.р.

Министерство за финансии

РЕГИСТРАЦИЈА НА ВЛОЖУВАЊА НА РЕЗИДЕНТИ ВО НЕДВИЖНОСТ ВО СТРАНСТВО

☐ А. Вложување во недвижност
☐ Б. Промена на вложувањето во недвижност
☐ В. Бришење од регистер

Регистрациски број (се доделува) ☐☐☐☐☐☐ / ☐☐☐☐☐

1. ПОДАТОЦИ ЗА РЕЗИДЕНТОТ ☐☐

1 1. Вид на резидент:
1 2. Име на резидентот: _____
-Адреса: _____
-Место на живеење: _____
-Поштански број: ☐☐☐☐☐
-Матичен број: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
-Даночен број: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
1 3. Одговорно лице: _____

2. ПОДАТОЦИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕТО ВО НЕДВИЖНОСТ

2 1. Датум на настанување /промена на вложувањето (дд.мм.гггг): ☐☐.☐☐.☐☐☐☐
2 2. Шифра на државата ☐☐
-Назив на државата _____
2 3. Шифра на валутата на вложувањето ☐☐☐
-Назив на валутата _____

2 4. Настанување /зголемување/ стекнување на недвижност

2 4 1. Вид на недвижност

			Вредност на вложувањето во валута од 2.3.
☐	01	куќа /дел од куќа/ стан	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	02	деловен простор	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	03	градежно земјиште	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	04	земјоделско земјиште	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
☐	05	друго	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
	06	**Вкупно**	☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

Страна: 1

Министерство за финансии

2 4 2. Начин на плаќање на недвижноста:

			Вредност на вложувањето во денари
☐	01	уплата преку банка	
☐	02	права	
☐	03	замена	
☐	04	друго	
	05	**Вкупно**	

2 5 Намалување /продажба на недвижноста

2 5 1. Вид на намалувањето:

☐	01	целосна продажба	
☐	02	делумна продажба	
☐	03	пренесување на сопственост	
☐	04	залог	
☐	05	концесија	
☐	06	друго	
	07	**Вкупно**	

3. ЗАБЕЛЕШКА

Се согласувам, дека податоците се користат за статистика, а не и за други намени, освен оние кои имаат законска основа.

Образецот го подготвил: _____ (име и презиме)

_____ (телефонски број)

Одговорно лице: _____ (потпис)

Образец: **PHP**

Страна: 2

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ РНР- РЕГИСТРИРАЊЕ НА ВЛОЖУВАЊА НА РЕЗИДЕНТИ ВО НЕДВИЖНОСТИ ВО СТРАНСТВО

Резидентот пополнува дали:

А. настанува вложување во недвижност; или

Б. настанува промена на вложувањето во недвижност;

Полето пред избраната опција се означува со " X".

Полето за регистарски број кој е доделен на резидентот го пополнува резидентот само во случај кога се јавува промена на веќе пријавеното вложување. Резидентот се поканува на првото доделување на регистарскиот број во регистарот за недвижности на резиденти во странство, кој се регулира со правилникот. Образецот се пополнува само во полињата во кои има измена на податоците.

Промена на вложувањето во недвижност настанува со:

- зголемување на вложувањето,
- намалување на вложувањето,
- промена на другите податоци за вложувањето во недвижност.

1. Податоци за резидентот

1.1. Во полето "вид на резидент" се внесува двоцифрена шифра во зависност од видот на резидентот

01	трговски друштва, трговци поединци или други правни лица со седиште во Република Македонија и нивни претставништва во странство, освен нивни подружници во странство
02	подружници на странски друштва запишани во трговски регистар на Република Македонија
03	физички лица кои самостојно вршат дејност како занимање со постојано место на живеење во Република Македонија, и кои не се третираат за трговци според Законот за трговски друштва
04	физичко лице со постојано место на живеење во Република Македонија
05	физичко лице кое привремено престојува во Република Македонија врз основа на важечка виза за престој, односно работна виза во траење од најмалку 6 месеци
06	дипломатски, конзуларни и други претставништва во Република Македонија во странство кои се финансираат од Буџетот на Република Македонија, како и вработените во тие претставништва и членови на нивните потесни семејства

1.2. Во полето "име на резидент" се впишува целосното име на правното лице или име и презиме, физичкото лице, адреса, место на живеење или постојано живеалиште.

Во полето "матичен број" се наведува матичниот број на правното лице-вложувач од регистарот на правни лица (трговски друштва). Физичките лица не го пополнуваат ова поле.

Во полето "даночен број" се наведува бројот од регистарот на даночни обврзници.

1.3. Бо полето "одговорно лице" се внесува името и презимето на одговорното лице на резидентот.

2. Податоци за вложувањето во недвижност

2.1. "Датум на вложувањето/промена на вложувањето" е дефинирано во член 2 од правилникот.

Датумот се впишува во следниот облик: дд.мм.гггг.

2.2. Во полето за држава се впишува "шифрата на државата" и "името на државата", во која резидентот има вложување во недвижност. Шифрата е дадена во Упатството на Народната банка, со кое се уредува обврската за работење со странство и е објавено во "Службен весник на РМ".

2.3. Во полето за валута на вложувањето се определува онаа валута, во која за недвижноста во странство се води евиденција. Доколку вложувањето во недвижност е во држава со висока инфлација, се избира конвертибилна валута. Во полето "шифра на валутата", во која валутата се определува со нумеричка шифра и во полето "назив на валутата" се впишуваат шифрата и називот кои се одредуваат во Упатството на Народна банка, со што се уредува обврската за работење со странство и е објавено во "Службен весник на РМ".

2.4. Впишување на вложувањето во недвижност.

2.4.1. Со знакот X се означува поле пред видот на недвижност, кој е предмет на регистрација.

Вредноста на вложувањето во недвижност се изразува во валута која е определена во точка 2.3. Во случај на настанување на вложување во недвижност се внесува целосната вредност на вложувањето во недвижност на резидентот, а во случај на промена само зголемената вредност на недвижноста.

Во случај да се избере шифрата 05 со краток опис се определува видот на недвижноста.

2.4.2. Со знакот X се означува полето пред начинот на плаќање на недвижноста. Во случај да се избере шифрата 04, со краток опис се определува начинот на плаќање на недвижноста. Вредноста се изразува во валута која е определена во точка 2.3.

2.5. Намалување/продажба на недвижноста.

2.5.1. Полето "намалување/продажба на недвижноста" се пополнува во случај на промена, која е последица на намалување на недвижноста. Со знакот X се означува полето пред видот на намалување на недвижноста.

Во случај на намалување се внесува намалената вредност на недвижноста изразена во валута, која е определена во точка 2.3.

Во случај да се избере шифрата 03 или 06, се користи пазарната вредност на недвижноста.

1497.

Врз основа на член 51 став 3 од Законот за девизното работење ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/2001 и 49/2001), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ВИДОТ И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот и содржината на потврдата за привремено одземени предмети (во натамошниот текст: потврда) со кои бил извршен прекршокот или кривичното дело, или кои биле наменети за извршување или настанале со извршување на кривичното дело или прекршокот.

Член 2

Потврдата содржи:

- ден и место на одземањето на предметите;
- назив на резидентот или нерезидентот и негово седиште;
- лични податоци за лицето од кое се одземени предметите;
- име на девизниот инспектор кој ги одзел;
- основот по кој е извршено одземањето;
- опис на предметите даден според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид и вредност.

Потврдата е дадена во образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Потврдата се составува во четири еднообразни примероци, од кои еден примерок се предава на лицето од кое привремено се одземени предметите.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на отпочнување на примена на Законот за девизното работење.

Бр. 09-19098/1
8 октомври 2001 година
Скопје

Министер,
Никола Груевски, с.р.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Државен девизен инспекторат
Бр._____
Скопје

Врз основа на член 1 од Правилникот за видот и содржината на потврдата за привремено одземени предмети ("Службен весник на Република Македонија" бр. 84/01) се издава

ПОТВРДА
за привремено одземени предмети

На ден_____година во_____
_____
(назив и седиште на резидентот или нерезидентот)
од лицето_____ ___роден-а____година
во_____со живеалиште во_____
на ул._____ бр._____
девизниот инспектор_____
привремено ги одзеде следните предмети (дадени според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид и вредност)
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____

Основ по кој е извршено одземањето:_____
_____

Предметите се одземени од Девизен инспектор
_____ м.п. _____

_____

1498.

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за утврдување и наплата на јавните приходи ("Службен весник на РМ" бр. 13/2001), министерот за финансии донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата на даночен инспектор.

Образецот на легитимацијата на даночен инспектор е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 2

Образецот на легитимацијата на даночен инспектор се печати на бездрвна хартија со сино-бела боја, со димензии 6x9 см, заштитена со пластична фолија, кој е сместен во дводелен кожен повез.

На предната страна образецот на легитимацијата на даночен инспектор содржи натпис: Република Македонија, Министерство за финансии, УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, ЛЕГИТИМАЦИЈА, ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5 x 3 см, а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на даночниот инспектор, регистарски број на легитимацијата, потпис на директорот на Управата за јавни приходи и место за печат. Во долниот дел е отпечатен серискиот број на легитимацијата.

Задната страна на образецот ги содржи грбот на Република Македонија и овластувањата на даночниот инспектор согласно Законот за утврдување и наплата на јавните приходи низ кои е втиснат симболот на Управата за јавни приходи.

На задната внатрешна страна од повезот се внесува симболот на Управата за јавни приходи.

Член 3

Легитимацијата на даночен инспектор има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на даночен инспектор.

Даночниот инспектор на кој ќе му престане работниот однос во Управата за јавни приходи или ќе му престане службеното својство на даночен инспектор, ја враќа легитимацијата на Управата за јавни приходи - Генерална дирекција - Скопје.

Член 4

Во случај на губење на легитимацијата или на друг начин се остане без неа, даночниот инспектор веднаш ја известува Управата за јавни приходи - Генерална дирекција - Скопје и ја огласува за неважечка на сопствен трошок.

Директорот на Управата за јавни приходи, во случаите од став 1 на овој член, издава нова легитимација.

Член 5

Легитимацијата на даночен инспектор се заменува со нова кога заради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на легитимацијата ќе ги промени личните податоци.

Член 6

Легитимацијата на даночен инспектор што се враќа или заменува се поништува.

Член 7

Службените легитимации на даночните инспектори издадени согласно Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на даночниот инспектор ("Службен весник на РМ" бр. 44/96), ќе бидат заменети во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на даночниот инспектор ("Службен весник на РМ" бр. 44/96).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-19321/1 Министер,
17 октомври 2001 година **Никола Груевски,** с.р.
Скопје

Предна страна на образецот

Задна страна на образецот

Без

1499.

Врз основа на член 45 став 2 од Законот за утврдување и наплата на јавните приходи ("Службен весник на РМ" бр. 13/2001), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ДАНОЧЕН ИЗВРШИТЕЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на службената легитимација на даночен извршител (во натамошниот текст: службена легитимација).

Образецот на службената легитимација е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 2

Образецот на службената легитимација се печати на бездрвна хартија со сино-бела боја, со димензии 6x9 см, заштитен со пластична фолија.

На предната страна образецот на службената легитимација содржи натпис: Република Македонија, Министерство за финансии, УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА, ДАНОЧЕН ИЗВРШИТЕЛ. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5 x 3 см, а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на даночниот извршител, регистарски број на легитимацијата, потпис на директорот на Управата за јавни приходи и место за печат. Во долниот дел е отпечатен серискиот број на службената легитимација.

Задната страна образецот на службената легитимација ги содржи грбот на Република Македонија и овластувања на даночниот извршител согласно Законот за утврдување и наплата на јавните приходи низ кој е втиснат симболот на Управата за јавни приходи.

Член 3

Службената легитимација има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на даночен извршител.

Даночниот извршител на кој ќе му престане работниот однос во Управата за јавни приходи или ќе му престане службеното својство на даночен извршител, ја враќа службената легитимација на Управата за јавни приходи - Генерална дирекција - Скопје.

Член 4

Во случај на губење на службената легитимација или ако на друг начин се остане без неа, даночниот извршител веднаш ја известува Управата за јавни приходи - Генерална дирекција - Скопје и ја огласува за неважечка на сопствен трошок.

Директорот на Управата за јавни приходи, во случаите од став 1 на овој член, издава нова легитимација.

Член 5

Службената легитимација се заменува со нова кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на службената легитимација ќе ги промени личните податоци.

Член 6

Службената легитимација што се враќа или заменува се поништува.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-19321/1 Министер,
17 октомври 2001 година **Никола Груевски,** с.р.
Скопје

Предна страна на образецот



Задна страна на образецот

1500.

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на СРМ" бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

Р Е Ш Е Н И Е

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Довезенце - Општина Куманово.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-4566/1 Директор,
23 октомври 2001 година **Мирче Ѓорговски,** с.р.
Скопје

1501.

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на СРМ" бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

Р Е Ш Е Н И Е

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Габреш - Општина Куманово.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-4567/1 Директор,
23 октомври 2001 година **Мирче Ѓорговски,** с.р.
Скопје

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

По предметот П.бр. 731/2001 година, се води постапка за развод на брак по тужбата, на тужителката Петра Димитриевска од Тетово против туженот Антонио Димитриевски.

За посебен старател на туженот Антонио Димитриевски со непозната адреса на живеење, се поставува Радмила Васиљевски Шишковска адвокат од Скопје, ул."102" бр. 17, со решение на ЈУ меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје број 3020-565 од 16.10.2000 година.

Посебниот старател ќе ги застапува интересите на туженот Антонио Димитриевски до неговото појавување во судот или негов полномошник односно законски застапник.

Од Основниот суд во Скопје I - Скопје, П.бр. 731/2001. (25207)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 362/2001, од 20.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 7-02000041-000-10, ја запиша во трговскиот регистар преобразбата на Јавно претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија "Електростопанство на Македонија" - Скопје ц.о. ул. "11 Октомври" бр. 9 во Акционерско друштво за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија "Електростопанство на Македонија" во државна сопственост, Скопје, ул. "11 Октомври" бр. 9.

Дејности: 40.10, 40.10/1, 40.10/2, 40.10/3, 40.10/4, 40.10/5, 64.20, 40.20, 40.30, 41.00, 02.01, 05.01, 14.50, 23.20, 27.51, 28.51, 28.62, 28.75, 29.52, 31.20, 45.12, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.31, 50.20, 51.21, 51.42/2, 51.43, 51.47, 52.12, 52.45, 52.75/1, 52.72/2, 55.11, 60.21, 60.24, 63.11, 63.40, 72.30, 74.20/2, 74.20/3, 74.20/4.

Се бришат дејностите: надворешна трговија со прехранбени производи, меѓународна шпедиција и меѓународен транспорт на стоки и патници. Се запишуваат дејностите: купопродажба и размена на електрична енергија со други електроенергетски системи, транзит на електрична енергија со други, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународна шпедиција.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Ламбе Арнаудов - генерален директор без ограничување.

Упис на статутот на АД.

Подружници се: ХЕЦ Маврово - Гостивар; ХЕЦ Шпиље - Дебар; ХЕЦ Глобочица - Струга; ХЕЦ Тиквеш - Кавадарци; ХЕЦ Козјак - Скопје; РЕК Битола - Новаци; РЕК Осломеј - Осломеј; ТЕЦ Неготино - Неготино; Електропренос - Скопје; Електродистрибуција - Скопје; Електродистрибуција - Битола; Електродистрибуција - Гостивар; Електродистрибуција - Куманово; Електродистрибуција - Охрид; Електродистрибуција - Прилеп; Електродистрибуција - Струмица; Електродистрибуција - Тетово; Електродистрибуција - Велес; Електродистрибуција - Штип; Електродистрибуција - Гевгелија; Електродистрибуција - Делчево; Електродистрибуција - Кавадарци; Електродистрибуција - Кичево; Електродистрибуција - Кочани; Електродистрибуција - Крива Паланка; Електродистрибуција - Неготино; Електродистрибуција - Пробиштип; Електродистрибуција - Ресен; Електродистрибуција - Струга; Електродистрибуција - Берово; Електродистрибуција - Валандово; Електродистрибуција - Виница; Електродистрибуција - Дебар; Електродистрибуција - Кратово; Електродистрибуција - Македонски Брод; Електродистрибуција - Радовиш; Електродистрибуција - Свети Николе; Енергетика - Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 362/2001. (24241)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2646/2001, од 10.10.2001 година, во регистарската влошка бр. 02016692?-4-01-000, го запиша во трговскиот регистар запишувањето на одлуката за промена на членови на Надзорен одбор и УО на Акционерското друштво за внатрешен и надворешен промет МАШИНОПРОМЕТ Скопје, ул. "Прашка" бр. 23, Скопје.

Запишување на одлука за промена на членови на Надзорен одбор и одлука за разрешување на членови на Управен одбор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2646/2001. (25404)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1024/2001, од 01.10.2001 година, во регистарската влошка бр. 002601, го запиша во трговскиот регистар објавувањето на план за припојување на Трговско друштво за производство, промет и услуги СЛАВИЈА Љубомир ДОО увоз-извоз Прилеп, ул. "Гоце Делчев" бб, зграда "Македонија" локал 25.

Запишување на план за припојување на Трговското друштво за производство, промет, услуги, консигнација и застапување ЕУРО-СТАР М. Љубомир увоз-извоз ДОО Скопје, кон Трговското друштво за производство, услуги и промет СЛАВИЈА Љубомир ДОО увоз-извоз Прилеп.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1024/2001. (25405)

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 508/2001, од 19.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 03006712?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги Кобац ДООЕЛ увоз-извоз Штип, ул."Борис Кидриќ"бр. 13/9, Штип.

Единствениот содружник Душко Магделиниќ покрај стариот влог од 5200 ДЕМ или 161200,00 ден, презема нов основен влог од 235100 ЕВРА или 14341100,00 ден.

Вкупно основната главница на друштвото е зголемена на 237700 ЕВРА или 14502300,00 ден.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 508/2001. (25340)

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 346/2001, од 28.08.2001 година, во регистарската влошка бр. 03005522?-8-06-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за транспорт и трговија Цоби увоз-извоз ДООЕЛ Василево бр. 100.

Се врши зголемување на основната главница на Друштвото и тоа за износ од: -5.137.379,00 денари или во противвредност -165.718 ДЕМ во обртни средства, а сега основната главница на друштвото изнесува: -5.292,260,00 денари или -170.718 ДЕМ.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 346/2001. (25342)

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 319/2001, од 26.06.2001 година, во регистарската влошка бр. 03007625?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основачкиот влог на Друштвото за производство, трговија и услуги Ал-Вини ДООЕЛ Виница, ул."Крушевска Република" бр. 18.

Со одлуката за зголемување на основачкиот влог од 13.03.2001 година, Друштво за производство, трговија и услуги Ал-Вини ДООЕЛ Виница, го зголемува својот влог за 5.542,00 ДЕМ или 174.573,00 денари дадени во проценка на основно средство од овластен проценител.

Вкупно основна главница е 10.542 ДЕМ или 332.073,00 денари.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 319/2001. (25343)

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 2412/98; П.Трег. бр. 516/01, од 18.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 03003120?-3 -06-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за услуги, производство и трговија на големо и мало експорт-импорт, услуги во меѓународниот транспорт на стоки и патници и шпедиција Ком-Корд Ристов Мијалчо и др. ДОО ул."Индустриска зона" бб, Радовиш.

Се врши зголемување на основната главница. Основачот Ристов Мијалчо од Радовиш бул."А.Македонски" бр. 1/18, со досегашен влог од 209.771,00 ден. ја зголемува основната главница со нов влог во износ од 1.254.056,00 денари или вкупно 1.463.827,00 денари во противвредност од 43.680 ДЕМ.

Ристова Јанка од Радовиш бул."А.Македонски" бр. 1/18, со досегашен влог од 200 ДЕМ.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 516/2001. (25346)

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 30/2001, од 13.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 03003318?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги Бразил-88 експорт-импорт ДОО Куклиш.

Друштво за производство, трговија и услуги Бразил-88 експорт-импорт ДОО Куклиш, ја зголемува основната главница за 5.397.700,00 денари или 182.833 ДЕМ, во непаричен влог, од акумулираната добивка по годишна сметка за 1999 година.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 30/2001. (25347)

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 457/2001, од 17.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 03003202?-3-06-000, го запиша во трговскиот регистар истапувањето на содружник, зголемување на основната главница на Друштвото за трговија, шпедиција, транспорт и услуги Јаншпед ДОО увоз-извоз нас. Три Чешми, Штип.

Во Друштво за трговија, шпедиција, транспорт и услуги Јаншпед ДОО увоз-извоз со седиште во нас. Три Чешми, Штип се врши истапување на содружник и зголемување на содружнички влог. Од својство на содружник основач на друштвото истапува содружникот Петрик Радован од Штип. Содружничкиот влог во основни средства содружникот го пренесува.

Содружникот Манасиевски Петре го зголемува својот содружнички влог во основни средства. Содружничкиот влог на содружникот кој истапува се пренесува на содружникот Манасијевски Јане и истиот го прифаќа содружничкиот влог.

Основната главница се зголемува за 20.555 ЕВРА или 1.274.441,00 денари и вкупно изнесува 5.091.187,00 денари или 185.505 ЕВРА.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 457/2001. (25348)

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 581/2000, од 02.04.2001 година, во регистарската влошка бр. 03007361?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги Витко Јаким Андов ДООЕЛ ул."Никола Карев" бр. 36, Пробиштип.

Се врши зголемување на основната главница за износ од 218.400,00 денари во парични средства.

Вкупната основна главница на ДООЕЛ изнесува 373.400,00 денари.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 581/2000. (25349)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1051/01, од 09.10.01 година, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на главницата на Трговското и услужно друштво Велиша и др. АДАРМА увоз-извоз Битола ДОО Битола, ул."Иван Милутиновиќ" бр. 27/2.

Зголемување на основната главница за 10.824 ЕУР или 660.000,00 ден., во пари, така што секој од содружниците во зголемувањето на основната главница учествува подеднакво со по 1/3 или 3.608 ЕУР или 220.000,00 денари. По зголемувањето основната главница на друштвото изнесува 54.262 ЕУР или 3.309.982,00 денари.

Уделот на содружниците поединечно ќе биде по следното: 1. Рибаќ Велиша - 36,2% односно 19.662

ЕУР или 1.199.382,00 ден; 2. Диана Рибаќ - 31,9% односно 17.300 ЕУР или 1.055.300,00 ден; 3. Раде Шупица - 31,5% односно 17.300 ЕУР или 1.055.300,00 ден.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1051/2001. (25350)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1052/2001, од 08.10.2001 година, во регистарската влошка бр. 010693, го запиша во трговскиот регистар намалувањето на главница на Друштвото за трговија и услуги Завод за урбанизам и проектирање - ЗУП ДОО Битола, бул."1 Мај" бб.

Се врши намалување на основната главница на Друштвото за износ од 1.822.546 ден или 29.815 ЕВРА. Сега основната главница на Друштвото изнесува 557.284 ден или 9.100 ЕВРА.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1052/2001. (25351)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1026/2001, од 01.10.2001 година, во регистарската влошка бр. 008644, ја запиша во трговскиот регистар промената на седиштето на Друштвото за производство, трговија и услуги СУЗИ-ТЕКС Сузана увоз-извоз Битола ДООЕЛ Битола, ул."Игњат Атанасовски" бр. 31/6.

Се менува седиштето на друштвото од ул."26-та" бр. 7-3/8, Битола на ул."Игњат Атанасовски" бр. 31/6, Битола.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1026/2001. (25352)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1011/2001, од 24.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 007989, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, и трговија "МАК-МИНЕРАЛ" ДОО Битола, Битола ул."Епинал" бр. 51.

Се врши зголемување на основната главница за износ од 20.000 УСД, во противвредност од 1.376.210 денари, односно 22.583 ЕУР.

Сега основната главница изнесува:

- Парични средства на износ од 8.045.100 денари, односно 132.018 ЕУР и девизи од 155.000 УСД, во противвредност од 9.746.210 денари, односно 159.933 ЕУР.
- Предмети, стан и опрема во вредност од 6.738.187 денари, односно 110.572 ЕУР.
- Вкупно 24.529.497,00 денари, односно 402.523 ЕУР.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1011/2001. (25353)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1035/01, од 04.10.2001 година, на регистарска влошка бр. 007055, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на главницата на Трговското и услужно друштво Велиша и др. АДАРМА увоз-извоз Битола ДОО Битола, ул."Иван Милутиновиќ" бр. 27/2.

Зголемување на основната главница за 12.300. ЕУР или 750.000,00 ден., во пари, така што секој од содружниците во зголемувањето на основната главница учествува подеднакво со по 1/3 или 4.100 ЕУР или 250.000,00 денари. По зголемувањето основната главница на друштвото изнесува 43.438 ЕУР или 2.649.718,00 денари.

Уделот на содружниците поединечно ќе биде по следното: 1. Рибаќ Велиша - 37% односно 16.054 ЕУР или 979.294,00 ден; 2. Диана Рибаќ - 31,5% односно 13.692 ЕУР или 835.212,00 ден; 3. Раде Шупица - 31,5% односно 13.692 ЕУР или 835.212,00 ден.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1035/2001. (25354)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1027/2001, од 01.10.2001 година, во регистарската влошка бр. 012650, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги Веселинка Талевска, - С. ТОМА - ДООЕЛ Битола, ул."Бистра" бр. 76.

Основачот на друштвото Веселинка Талевска од Битола, ул."Бистра" бр. 76, како единствен содружник на ДООЕЛ С.ТОМА, го зголемува основачкиот влог, кој изнесува 162.050,00 денари за уште 200.000,00 денари, така што вкупниот основачки влог како главница сега изнесува 362.050,00 денари или 5.747 ЕВРА.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1027/2001. (25355)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 978/2001, од 20.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 012868, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Трговското друштвото за производство, трговија и услуги АУСТРО-МАК ГРАНИТ - с. Велгошти, Охрид ДОО с. Велгошти, Охрид.

Основната главница на Трговското друштвото за производство, трговија и услуги АУСТРО-МАК ГРАНИТ - с. Велгошти, Охрид ДОО која се состои во основни средства од 5.600 ДЕМ (2800 ЕВРА) се зголемува за 1.165.100 ЕВРА во денарска противвредност од 72.236.200 ден, или вкупно 1.167.900 ЕВРА во денарска противвредност од 72.409.800 денари и се состои во основни средства према приложен извештај од овластен проценител и тоа: Содружникот Франз Стуетз вложува 603.500 ЕВРА. Содружникот Гертруде Стуетз вложува 561.600 ЕВРА.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 978/2001. (25356)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 991/2001, од 25.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 003851, го запиша во трговскиот регистар истапувањето на содружник и намалување на основачкиот влог на Трговското друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало Мухамед Хасановиќ и др. ХАСАНОВИЌ увоз-извоз ДОО Прилеп, ул."Илинденска" бр. 71, Прилеп.

Истапување на содружник Блаже Пецевски од Прилеп ул."Ило Плутешка"бр. 26, од Трговското друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало Мухамед Хасановиќ и др. ХАСАНОВИЌ увоз-извоз ДОО Прилеп.

Основачкиот влог се намалува за износ од 45.000 ДЕМ или 1.394.827,00 денари, износ добиен со проценка на ПМВ Тојота, тип крајсер со бр. на шасија JT111ГЈ9500089208 и број на мотор 1КЗ0575811 и рег. бр. ПП-330-ВД.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 991/2001. (25357)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 998/2001, од 25.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 009022, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на главница и проширување на дејност на Друштвото за производство и промет КРАФТ ПРОДУКТ Љубен Божиновски ДООЕЛ Прилеп нас. Точила III Ф1-1/8, Прилеп.

Се зголемува основната главница во друштвото со внесување на паричен влог од 100.000,00 денари според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија со општа уплатница на депонент на сметка.

Вкупниот износ на основната главница е збир на досегашниот влог од 19.760 ДЕМ во основни средства плус новиот влог од 3.226 ДЕМ и ќе изнесува 22.986 ДЕМ во ЕУРА 11.546.

Се врши проширување на дејноста со следните нови дејности: 25.12, 25.13, 25.21, 25.23, 25.24, 37.10, 37.20, 45.22, 45.31, 45.32, 45.34, 45.41, 45.42, 45.44, 45.45, 45.50, 60.21, 60.22, 60.24, 60.23, 63.11, 60.12.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 998/2001. (25358)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1006/2001, од 26.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 0011661, ги запиша во трговскиот регистар промените на Печатница "11 Октомври" Печат "Македонски Бисер" ДОО Македонски Брод, ул."Маршал Тито" бб, Македонски Брод.

Промена на фирмата на друштвото и новата фирма гласи: Печатница "11 Октомври" Печат "Македонски Бисер" ДОО Македонски Брод, ул."Маршал Тито" бб, Македонски Брод.

Пристапување на содружник во фирма и тоа: Друштво за трговија и производство "БЕКОМ" - Васко и други увоз-извоз Битола ДОО.

Зголемување на главницата на друштвото за износ од 2.644.300,00 денари.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1006/2001. (25359)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 997/2001, од 25.04.2001 година, во регистарската влошка бр. 012265, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз КОТЕКС ДООЕЛ Прилеп, Прилеп ул."Кочо Рацин"бр. 7.

Зголемување на основната главница за 10.050ЕВРА по Извештај за проценка за зголемување на основачки влог од овластен судски проценител, така да сега основната главница вкупно со стариот влог изнесува 12.935 ЕВРА.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 997/2001. (25360)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 855/01, од 07.08.2001 година, во регистарската влошка бр. 012377, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирмата, седиште, содружник, главница и управител на Трговското друштвото за производство, трговија и услуги АЛБЕНА - Охрид ДООЕЛ Охрид ул."Ариф Мустафа" бр. Б-2/11.

Промена на фирма, седиште, содружник, намалување и истовремено зголемување на основната главница на Друштвото за производство, трговија, услуги ОБУЌА- ДОВЛЕ Довлев Томчо ДООЕЛ Охрид и новата фирма гласи: Трговско друштвото за производство, трговија и услуги АЛБЕНА - Охрид ДООЕЛ. Истапува Довлев Томчо, а пристапува Ѓоко Блажевски. Лице овластено за застапување е Ѓоко Блажевски. Основната главница се зголемува за 15.500,00 денари и сега вкупно ќе изнесува 173.600,00 денари.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 855/2001. (25361)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 940/2001, од 10.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 01924, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на главница на Друштвото за производство, трговија и услуги Петре Трајко Гаговски и др. увоз-извоз Битола ДОО Битола, ул."Ружа Делчева"бб.

Се зголемува основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги Петре Трајко Гаговски и др. увоз-извоз Битола ДОО Битола, ул."Ружа Делчева"бб, за износ од 210.000,00 денари, така што сега основната главница на друштвото ќе изнесува 18.700.317,00 денари.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 940/2001. (25362)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 820/2001, од 30.07.2001 година, во регистарската влошка бр. 003628, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител, зголемување на основачки удел на Друштвото за производство, промет и услуги "ДРА-ГО" Миладиноска Станка ДООЕЛ Кичево, ул."Левче Стефаноски-Тарзан" бр. 7, Кичево.

Се именува лице овластено за застапување Миладиноска Весна - управител со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности. Се брише лицето Миладиноска Соња како управител на друштвото и му престануваат овластувањата. Се зголемува основачкиот удел за износ од 207.000 ДЕМ и заедно со досегашниот удел од 14.840 ДЕМ изнесува вкупно 221.840 ДЕМ во предмети, според приложен извештај од овластен судски проценител.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 820/2001. (25364)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 523/2001, од 13.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 01005619, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на главница на Акционерското друштвото за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен ФХЛ МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ Прилеп АД Прилеп, ул."Маршал Тито" бр. 222.

Запишување на Одлуката за зголемување на основната главница и извршеното зголемување на основната главница на Акционерското друштвото за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен ФХЛ МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ Прилеп АД.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 523/2001. (25365)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 944/2001, од 11.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 012106, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за инженеринг климатизација ладење, греење и вентилација увоз-извоз "ЕУРО-ТЕРМ" Лукас, Горан и Цветко ДОО Прилеп, ул."Златибор´ бр. 9.

Зголемување на основната главница со ствари според проценка на овластен проценител вкупната висина на главницата изнесува 471.200,00 денари или 7600ЕВРА и тоа по содружници: основачот Лукас Николаевич зголемен влог во висина од 235.600,00 денари или 3800 ЕВРА во ствари: товарно возило Мерцедес ФМ1536 МБ 100Дбм.ОМ616 бр. БЦА6313321312 5219.

Основачот Горан Спиркоски го зголеми основачкиот влог во висина од 117.800,00 денари или 1900 ЕВРА во ствари: патничко возило Застава 101 бм.0449456 и бр.ш. 572540, и хилтна за бетон ПЦ13РЛ220в-520VV.

Основачот Цветко Спиркоски го зголеми основачкиот влог во висина од 117.800,00 денари или 1900 ЕВРА во ствари: бормашина ТГЛ 36690-220 в. -625 VV, ТЕ 2,2 Хилтни-Стауеб СА 12А-1000VV, 9.4 А.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 944/2001. (25366)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 962/2001, од 17.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 001628, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на главница на Друштвото за производство, трговија и услуги "Манго" увоз-извоз Даниловска Кристина Битола ДООЕЛ Битола, ул."Милтон Манаки" бр. 21.

Зголемување на основната главница на друштвото уште со паричен влог од 320.000,00 денари. Со поранешната главница од 1.100.000,00 денари, вкупно главницата ќе изнесува 1.420.000,00 денари.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 962/2001. (25367)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 974/2001, од 20.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 009533, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на главница на Друштвото за производство, трговија и услуги "ЕВРО СТИЛ"Сашка увоз-извоз Битола ДООЕЛ ул."Партизанска" бр. 20/34, Битола.

Се зголемува основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги "ЕВРО СТИЛ"Сашка увоз-извоз Битола ДООЕЛ ул."Партизанска" бр. 20/34, за износ од 300.000,00 денари, така што сега основната главница на друштвото ќе изнесува 455.000,00 денари.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 974/2001. (25368)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 929/2001, од 06.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 01009636?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар Друштвото за производство, монтажа и трговија Босилков Ѓорѓи и Димитар ПРОМОНТ увоз-извоз ДОО Битола ул."Сотир Брбевски" бр. 40, Битола.

Основачите-содружниците Босилков Ѓорѓи и Босилков Димитар, на Друштвото за производство, монтажа и трговија Босилков Ѓорѓи и Димитар ПРОМОНТ увоз-извоз ДОО Битола, вршат зголемување на основната главница на ДОО која изнесуваше 5.000 ДЕМ, во денарска противвредност 155.000,00 денари или 2560 ЕВРА.

Основната главница се зголемува со паричен влог од 340.000,00 денари односно 5570 ЕВРА.

Основната главница на ДОО изнесува 495.000,00 денари односно 8130 ЕВРА.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 929/2001. (25369)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 995/2001, од 25.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 010036, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за трговија и производство НИМАКИ - Никола увоз-извоз Битола ДООЕЛ Битола, ул."2-ра" бр. 23

Зголемување на основната главница на друштвото од страна на содружникот Никола Тасевски за износ од 1.500.000,00 денари.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 995/2001. (25370)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 880/2001 од 23.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 001277, запиша во трговскиот регистар префрлање на фирма на ТП Трговец поединец за угостителски дејности Биткоски Анастас Аце Д.А. Т.П. Охрид, с. Пештани, Охрид Наум Охридски 75.

Се врши префрлување на фирмата на Т.П. од Трговец поединец за угостителски дејности Благуна Јован Биткоска Д.А. Т.П. Охрид с. Пештани и новата фирма на Т.П. гласи: Трговец поединец за угостителски дејности Биткоски Анастас Аце Д.А. Т.П. Охрид. с. Пештани Наум Охридски 75.

Му престанува овластувањето за застапување на Благуна Биткоска и се брише од трговскиот регистар.

Лице овластено за застапување е Биткоски Аце.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 880/2001. (22088)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 891/2001 од 28.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 008950, го запиша во трговскиот регистар вложувањето на странски вложувач во домашно ДОО на Друштвото за производство, трговија на големо и мало, увоз-извоз и услуги "КОРЗИКА" и др. Битола, ДОО нас. Стрежево бб, Битола.

Лицето Стевче Здравески од Сиднеј, Австралија со адреса на живеење Унит 1/2 Приндивиле Дриве Вангара ВА 6065 Перт и број на пасош Л-0406270 вложува во домашното Друштво за производство, трговија на големо и мало, увоз-извоз и услуги "КОРЗИКА" Душан и др. Битола, ДОО машини и опрема во износ од 8.650 дем.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 891/2001. (22089)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 890/2001 од 28.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 009858, ја запиша во трговскиот регистар промената на овластено лице на Друштвото за производство, трговија и услуги Јован Илиоски и др. У К Р А С увоз-извоз Прилеп ДОО ул. "Стеван Стеваноски" бр. 15.

Промена на лице овластено за застапување во друштвото Талески Боро - управител со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности.

Му престануваат овластувањата на лицето Јован Илиоски и се брише од трговскиот регистар.

Талески Боро - управител со неограничени овластувања и во надворешнотрговскиот промет.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 890/2001. (22090)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението Срег. бр. 276/2001 од 31.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 2-291, ја запиша во судскиот регистар промената на овластено лице-директор на Производно, услужно, трговска задруга, увоз-извоз "МЕШТА КОМЕРЦ-ИНЖЕНЕРИНГ" Прилеп, п.о. ул. "Моша Пијаде" бр. 38.

Се брише Костоски Благоја, се запишува Костоска Мимоза.

Од Основниот суд Битола во Битола, Срег. бр. 276/2001. (22091)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 903/2001 од 5.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 007747, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител на Друштвото за производство и трговија "ЖИТО КОМЕРЦ" Сузана увоз-извоз Битола ДООЕЛ ул. "Сотир Брбевски" бр. 51, Битола.

Му престануваат овластувањата како управител на Сузана Андријашевиќ.

Лице овластено за застапување на друштвото-управител Милорад Андријашевиќ.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 903/2001. (22092)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 736/2001 од 12.07.2001 г., во регистарска влошка бр. 001091, го запиша во трговскиот регистар истапување содружник и упис на одлука за измена на договор за основање на Друштвото за транспорт "ЖАС-ОХРИД" ЖАС и др. ДОО Охрид, ул. "Железничка" бр. 2, Охрид.

Истапување на содружникот Стојкоски Димитрија и упис на одлуката за измена на договорот за основање на друштвото за транспорт "ЖАС-ОХРИД" ЖАС и др. ДОО Охрид како во прилог образец 1 и 2.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 736/2001. (22093)

_____

Основниот суд Битола во Битола, со решението Срег. бр. 275/2001 од 31.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 1-19103, ја запиша во трговскиот регистар промената на овластено лице на ЈЗО ЗДРАВСТВЕН ДОМ Македонски Брод.

Се разрешува од должноста лицето Др. Александар Терзиоски како директор на ЈЗО Здравствен дом Македонски Брод.

Се именува за вршител на должноста директор на ЈЗО Здравствен дом Македонски Брод д-р Душан Аризанкоски.

Од Основниот суд Битола во Битола, Срег. бр. 275/2001. (22094)

Основниот суд Битола во Битола, со решението Срег. бр. 274/2001 од 29.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 1-2419, го запиша во судскиот регистар усогласувањето на Јавната здравствена организација "Завод за рехабилитација на слух, говор и глас" Битола, ул. "Елпида Караманди" бр. 28.

Се врши усогласување на постојните дејности на Јавната здравствена организација "Завод за рехабилитација на слух, говор и глас" Битола со одредбите од Националната класификација на дејности на Република Македонија и тоа: 85.11/2 - установи за медицинска рехабилитација и други установи; 85.14 - друга здравствена заштита на луѓето, 85.14/1 - медицинска рехабилитација во установи.

Од Основниот суд Битола во Битола, Срег. бр. 274/2001. (22095)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 901/2001 од 30.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 006738, го запиша во трговскиот регистар проширувањето на дејности на Друштвото за трговија, производство и услуги Благуна Лупеска "НУТРИЦИЈА" увоз-извоз Охрид ДООЕЛ ул. "Христо Узунов" кула-Б, влез-I, стан 29.

Се врши упис на проширување на нова дејност: 15.81/2 - производство на свежи слатки.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 901/2001. (22096)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 899/2001 од 30.08.2001 г., во регистарска влошка бр. 009484, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма и лице овластено за застапување на Трговското друштво за производство, трговија и услуги Бајрамоска Демиране МИКРО ФЛОЦК КОРП. с. Октиси - Струга ДООЕЛ, с. Октиси-Струга.

Се врши промена на фирма и тоа од: Трговско друштво за производство, трговија и услуги Бајрамоска Демиране АМЕРИКАН-ТЕКСТИЛ ЛТД, с. Октиси - Струга ДООЕЛ, с. Октиси-Струга во: Трговско друштво за производство, трговија и услуги Бајрамоска Демиране МИКРО ФЛОЦК КОРП. с. Октиси - Струга ДООЕЛ, с. Октиси - Струга.

Се врши промена на лице овластено за застапување и тоа: лицето Бајрамоски Омер од с. Октиси се брише од управител и му престануваат овластувањата за застапување на друштвото.

За управител на друштвото се именува лицето Бајрамоска Демиране од с. Октиси.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 899/2001. (22097)

ЛИКВИДАЦИИ

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I Л.бр.319/2001 од 10.10.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за производство и трговија на големо и мало "АСКОМ" експорт-импорт ДОО од Скопје, ул. "Коце Металец" бр. 1/ѓ-1/1 со жиро сметка 40110-601-332299.

За ликвидатор се определува лицето Ефтим Петров од Скопје со стан на ул. "Јане Сандански" бр. 50/3-4 и тел. 452-084.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (24915)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II Л.бр. 286/01 од 7.09.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за градежништво, производство и промет "БО-БА КОМЕРЦ" ц.о. експорт-импорт од Скопје, бул. "ЈНА" бр. 54 со жиро сметка 40100-601-125434.

За ликвидатор се определува лицето Ацо Дамчевски од Скопје, со стан на ул. "Дрезденска" бр. 15/1-9, тел. 378-979.

Се покануваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (24978)

4.3. За тендерската документација се плаќа надомест од 500,00 денари на жиро-сметка број 40100-787-1856, даночен број 4030998358508 и матичен број 5262887 за корисникот Министерство за животна средина и просторно планирање.

5. НАЧИН И РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА
5.1. Понудите да се достават во оригинален примерок кој што треба да биде заверен и потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот.
5.2. Понудата и другата документација се испраќа во затворен коверт кој содржи уште два затворени и запечатени коверти. Комплетната понуда треба да биде без прецртани, подвлечени или избришани зборови, а во краен случај, одредени корекции треба да бидат парафирани од овластено лице.
На надворешниот коверт во горниот лев агол треба да стои ознаката: "не отворај", а во средината на ковертот треба да стои адресата на нарачателот.
На надворешниот коверт не треба да стои никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот. Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата со финансиската документација и носи ознака "понуда", а вториот коверт ја содржи техничката документација и носи ознака"документација".
На двата внатрешни коверти треба да стои фирма (име) и седиште (адреса) на понудувачот.
5.3. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.
5.4. Рокот за доставување на понудите е 5 работни дена од објавувањето на барањето, во "последното" јавно гласило.
5.5. Понудите, во согласност со член 52 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98) можат да се достават преку пошта на адреса ул."Дрезденска"бр. 52, Скопје, да се предадат во архивата на Министерството за животна средина (најдоцна до 15.30 часот секој работен ден), не подоцна од предвиденият рок за предавање на понудите.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6.1. Понудите кои нема да се достават во утврдениот рок и кои нема да се изработени согласно барањето за прибирање на понуди нема да се разгледуваат.

6.2. Дополнителни информации можат да се добијат на телефон (02) 366-930 локал 158, одговорно лице Коста Трајковски - раководител на одделението за подготвување на проекти.

Комисија за јавни набавки

_____

Врз основа на членовите 10, 14 и 16 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Министерството за животна средина и просторно планирање, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 4/2001 ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувач: Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, со седиште на ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје.

1.2. Предмет на набавка: Изработка на дел од техничка документација и истражувања за реализација на проектот "Спас на Дојранското Езеро"-Геотехнички и хидролошки доистражувања, испитувачки работи и изведба на пробно-експлоатациона делница на бунарскиот систем на хидросистемот за обезбедување на дополнителна количина на вода за Дојранското Езеро од алувијалниот издан "Ѓавато"-Богданци.

1.3. Понудувачи: Право на учество на отворениот повик има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице кое е регистрирано за вршење на дејноста која е предмет на набавката.

2. ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1. Тендерската документација се однесува на Изработка на дел од техничка документација и истражувања за реализација на проектот "Спас на Дојранското Езеро"- Геотехнички и хидролошки доистражувања, испитувачки работи и изведба на пробно-експлоатациона делница на бунарскиот систем на хидросистемот за обезбедување на дополнителна количина на вода за Дојранското Езеро од алувијалниот издан "Ѓавато"-Богданци.

2.2. Тендерската документација понудувачите ќе може да ја подигнат во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање, ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје, соба бр. 88, секој работен ден од 7,30 до 15,30 часот.

2.3. За тендерската документација се плаќа надомест од 3.000,00 денари на жиро сметка бр. 40100-787-1856, даночен број 4030998358508 и матичен број 5262887, депонент на Народна банка на Република Македонија, за корисникот Министерство за животна средина и просторно планирање, со назнака за кој јавен повик е уплатата.

При подигање на тендерската документација, понудувачот треба да приложи доказ за извршена уплата на надоместокот.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да содржи:

- цена на чинење на работите искажана во денари, согласно содржината и позициите во тендерската документација;
- начин и услови на плаќање;
- рок на извршување на работите и
- рок на важност на понудата.

3.2. Придружна документација која понудувачот задолжително треба да ја приложи кон понудата:

- претставување на изведувачот (име, адреса, седиште, овластено лице, телефон и факс);
- извод од судска регистрација за вршење на дејноста;
- документ за економско-финансиски бонитет од носителот на платниот промет (согласно член 22 од Законот за јавни набавки);
- доказ за техничка способност (согласно член 23 од Законот за јавни набавки);
- доказ дека не е во стечај или процес на ликвидација (согласно член 24 став 1 точка "а" од Законот за јавни набавки) и
- доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка безбедност-забрана за вршење на дејност (согласно член 24 став 1 точка "б" од Законот за јавни набавки).

Кон понудата понудувачот задолжително треба да ја приложи следната дополнителна документација:

- референтна листа за досега реализирани работи од ист вид за последните 3 (три) години со назначување на вкупната вредност на работите и инвеститорите;
- список со опис на вклучени технички лица (име, презиме и степен на стручна подготовка);
- список со опис на техничка опременост.

Бараната документација да се достави во оригинален примерок или како копија заверена од нотар.

4. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

- Цена	30 бода;
- Рок на извршување на работите	30 бода;
- Начин и услови на плаќање	15 бода;
- Референтна листа за реализирани работи	10 бода;
- Кадровска и техничка опременост на понудувачот	10 бода;
- Гарантен рок	5 бода.

5. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

5.1. Понудата се доставува согласно членовите 52, 53 и 54 од Законот за јавни набавки во еден оригинален примерок кој што треба да биде заверен и потпишан од страна на овластено лице на понудувачот.

5.2. Понудата и придружната документација се доставува во затворен коверт. На предната страна на ковертот, во горниот лев агол треба да стои ознаката "не отворај" и бројот на јавниот повик. Во средината на ковертот да биде означена точната адреса на набавувачот. На ковертот не смее да стои никаква друга ознака врз основа на која може да се идентификува понудувачот.

Во затворениот коверт треба да содржи уште два затворени и запечатени коверти. Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата со финансиската документација пополнета и носи ознака "понуда", а другиот внатрешен коверт ја содржи техничката документација и носи ознака "документација".

Комплетната понуда треба да биде без прецртани, подвлечени или избришани зборови, а во краен случај, одредени корекции треба да бидат парафирани од овластено лице.

На двата внатрешни коверта треба да стои фирма (име) и седиште (адреса) на испраќачот-понудувачот.

5.3. Рокот на доставувањето на понудите е најдоцна до утврдениот ден и час на јавното отворање на понудите.

5.4. Понудите, согласно член 52 од Законот за јавни набавки можат да се достават преку пошта на адреса: Министерство за животна средина и просторно планирање, ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје, или да се предадат во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање (најдоцна до 15,30 часот секој работен ден) не подоцна од предвиденот рок за предавање на понудите.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6.1. Јавно отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 02.11.2001 година во 12 часот.

Претставниците на понудувачите во согласност со член 29 став 2 од Законот за јавни набавки треба на Комисијата за јавни набавки да предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

6.2. Понудите кои што не се доставени во предвидениот рок, како и оние кои што не се изработени според пропозициите на овој отворен повик и тендерска документација нема да бидат разгледувани.

6.3. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

6.4. Заинтересираните во врска со отворениот повик ќе можат да добијат дополнителни информации во Министерството за животна средина и просторно планирање, ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје, соба бр. 88, контакт лице Каја Шукова, или на телефон 02/366-930, локал 109.

Комисија за јавни набавки

_____

Врз основа на членовите 10, 14 и 16 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Министерството за животна средина и просторно планирање, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 5/2001 ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувач: Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, со седиште на ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје.

1.2. Предмет на набавка: Изработка на дел од техничка документација за реализација на проектот "Спас на Дојранското Езеро"-Изработка на главен проект со геодетски подлоги за обезбедување на дополнителни количини на вода за Дојранското Езеро од алувијалниот издан "Ѓавато"-Богданци.

1.3. Понудувачи: Право на учество на отворениот повик има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице кое е регистрирано за вршење на дејноста која е предмет на набавката.

2. ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1. Тендерската документација се однесува на Изработка на дел од техничка документација за реализација на проектот "Спас на Дојранското Езеро"-Изработка на главен проект со геодетски подлоги за обезбедување на дополнителни количини на вода за Дојранското Езеро од алувијалниот издан "Ѓавато"-Богданци.

2.2. Тендерската документација понудувачите ќе може да ја подигнат во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање, ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје, соба бр. 88, секој работен ден од 7,30 до 15,30 часот.

2.3. За тендерската документација се плаќа надомест од 3.000,00 денари на жиро сметка бр. 40100-787-1856, даночен број 4030998358508 и матичен број 5262887, депонент на Народна банка на Република Македонија, за корисникот Министерство за животна средина и просторно планирање, со назнака за кој јавен повик е уплатата.

При подигање на тендерската документација, понудувачот треба да приложи доказ за извршена уплата на надоместокот.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да содржи:

- цена на чинење на работите искажана во денари, согласно содржината и позициите во тендерската документација;
- начин и услови на плаќање;
- рок на извршување на работите и
- рок на важност на понудата.

3.2. Придружна документација која понудувачот задолжително треба да ја приложи кон понудата:

- претставување на изведувачот (име, адреса, седиште, овластено лице, телефон и факс);
- извод од судска регистрација за вршење на дејноста;
- документ за економско-финансиски бонитет од носителот на платниот промет (согласно член 22 од Законот за јавни набавки);
- доказ за техничка способност (согласно член 23 од Законот за јавни набавки);
- доказ дека не е во стечај или процес на ликвидација (согласно член 24 став 1 точка "а" од Законот за јавни набавки) и
- доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка безбедност-забрана за вршење на дејност (согласно член 24 став 1 точка "б" од Законот за јавни набавки).

Кон понудата понудувачот задолжително треба да ја приложи следната дополнителна документација:

- референтна листа за досега реализирани работи од ист вид за последните 3 (три) години со назначување на вкупната вредност на работите и инвеститорите;
- список со опис на вклучени технички лица (име, презиме и степен на стручна подготовка);
- список со опис на техничка опременост.

Бараната документација да се достави во оригинален примерок или како копија заверена од нотар.

4. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

- Цена	30 бода;
- Рок на извршување на работите	30 бода;
- Начин и услови на плаќање	15 бода;
- Референтна листа за реализирани работи	10 бода;
- Кадровска и техничка опременост на понудувачот	10 бода;
- Гарантен рок	5 бода.

5. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

5.1. Понудата се доставува согласно членовите 52, 53 и 54 од Законот за јавни набавки во еден оригинален примерок кој што треба да биде заверен и потпишан од страна на овластено лице на понудувачот.

5.2. Понудата и придружната документација се доставува во затворен коверт. На предната страна на ковертот, во горниот лев агол треба да стои ознаката "не отворај" и бројот на јавниот повик. Во средината на ковертот да биде означена точната адреса на набавувачот. На ковертот не смее да стои никаква друга ознака врз основа на која може да се идентификува понудувачот.

Во затворениот коверт треба да содржи уште два затворени и запечатени коверти. Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата со финансиската документација пополнета и носи ознака "понуда", а другиот внатрешен коверт ја содржи техничката документација и носи ознака "документација".

Комплетната понуда треба да биде без прецртани, подвлечени или избришани зборови, а во краен случај, одредени корекции треба да бидат парафирани од овластено лице.

На двата внатрешни коверта треба да стои фирма (име) и седиште (адреса) на испраќачот-понудувачот.

5.3. Рокот на доставувањето на понудите е најдоцна до утврдениот ден и час на јавното отворање на понудите.

5.4. Понудите, согласно член 52 од Законот за јавни набавки можат да се достават преку пошта на адреса: Министерство за животна средина и просторно планирање, ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје, или да се предадат во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање (најдоцна до 15,30 часот секој работен ден) не подоцна од предвидениот рок за предавање на понудите.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6.1. Јавно отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 08.11.2001 година во 12 часот.

Претставниците на понудувачите во согласност со член 29 став 2 од Законот за јавни набавки треба на Комисијата за јавни набавки да предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

6.2. Понудите кои што не се доставени во предвиденото рок, како и оние кои што не се изработени според пропозициите на овој отворен повик и тендерска документација нема да бидат разгледувани.

6.3. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

6.4. Заинтересираните во врска со отворениот повик ќе можат да добијат дополнителни информации во Министерството за животна средина и просторно планирање, ул. "Дрезденска" бр. 52, Скопје, соба бр. 88, контакт лице Каја Шукова, или на телефон 02/366-930, локал 109.

Комисија за јавни набавки

_____

Врз основа на член 20 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки при Фондот за грозје и вино, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 1/2001
ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА ПОТРЕБА ОД НАБАВКА НА 1 (ЕДНО) ТЕРЕНСКО МОТОРНО ВОЗИЛО, СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Нарачател на повикот е Фондот за грозје и вино, ул. "Ленинова" бр. 2 - Скопје.

1.2. Предмет на набавка е едно теренско моторно возило-работна зафатнина до 2000 см^3, сила на мотор над 80 kw^3, пет врати, дизел.

1.3. На тендерот може да се јави секое правно лице регистрирано за дејност во согласност со набавката.

1.4. Постапката на повикот се спроведува согласно со член 16 и член 18 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98).

2. ДОСТАВУВАЊЕ И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата треба да содржи:

- име, адреса и седиште на понудувачот,
- цена на секоја позиција од набавката посебно, како и крајна цена на опремата, изразена во денари-сите давачки,
- карактеристики на опремата со гаранција за нејзиниот квалитет,
- начин и рок на плаќање,
- рок на испорака,
- рок на важност на понудата,
- фактор на непредвидени работи.

2.2. Кон понудата, понудувачот задолжително треба да ја приложи следнава придружна документација:

- Извод од регистрација на дејноста;
- Документ за бонитет на понудувачот издаден од носителот на платниот промет согласно со Правилникот за содржината на документот за бонитет ("Службен весник бр. 32/98 и 55/98);
- Доказ дека не е во стечај или во процес на ликвидација (извод од судски регистар на претпријатија за поведена постапка за стечај - Потврда од надлежниот Основен суд и
- Доказ дека со правосилна понуда не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење дејност (извод од судска евиденција - Уверение од надлежен Основен суд - Оддел за прекршоци).

Сите документи кои ја сочинуваат придружната документација треба да бидат доставени во оригинален примерок или како копија заверена од нотар, со исклучок на изводот од регистрација на дејноста која може да се достави како копија.

Понудувачите треба да доставаат банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на понудата согласно член 55 од Законот за јавни набавки.

3. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ ЌЕ СЕ ИМААТ ПРЕДВИД СЛЕДНИТЕ КРИТЕРИУМИ:

3.1. При изборот на најповолен понудувач ќе се имаат во предвид следните критериуми:

- цена	(40 поена)
- квалитет	(20 поена)
- начин и услови на плаќање	(20 поена)
- рок на испорака	(10 поена)
- услови на гаранција	(10 поена)

4. РОК И НАЧИН НА ДОСТАСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

4.1. Рок на достасување на понудите е 10 дена од денот на објавувањето.

4.2. Понудите и другите документи се доставуваат согласно член 53 и 54 од Законот за јавни набавки.

Понудите се испраќаат во затворен коверт кој содржи два запечатени коверти.

Надворешниот коверт во горниот лев агол треба да содржи ознака - не отворај - како и барање бр. 1/2001 година. Тој нетреба да содржи никакви ознаки со кои би можел да се идентификува понудувачот. Во средина на ковертот треба да биде назначена адреса на набавувачот.

Првиот внатрешен плик ја содржи придружната техничка документација и ја носи ознаката - документација.

Вториот внатрешен коверт ја содржи понудата и ја носи ознаката - понуда.

Понудата се доставува до пошта или со предавање во архивата на Фондот за грозје и вино (ул. "Ленинова" бр. 2 - Скопје) со задача да се обезбедат докази за датумот на понудата.

4.3. Понудата се доставува во еден оригинален примерок, потпишан од страна на одговорно лице на понудувачот.

4.4. Рокот на важност на понудата да не е помал од 60 дена од денот на нејзиното отворање.

5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1. Понудите кои не се предадени во рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на барањето, нема да бидат разгледувани.

5.2. Секој субјект може да учествува со по една понуда, а во понудата не се дозволени варијанти т.е. опции.

5.3. Отворањето на понудите ќе се врши во присуство на овластени претставници на понудувачите.

5.4. Јавното отворање ќе се изврши на ден 02.11.2001 година со почеток во 10 часот во просториите на Фондот за грозје и вино, ул. "Ленинова" бр. 2 - Скопје.

Комисија за јавни набавки

_____

Врз основа на член 10 и член 14 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Управата за телекомуникации, го објавува следниот

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 2/2001 ГОДИНА
СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ ЗА НАБАВКА НА АВТОБУС

1. ОПШТИ УСЛОВИ

1.1. Набавувач: Република Македонија - Министерство за транспорт и врски, Управа за телекомуникации, ул. "Даме Груев" бр. 1 - Скопје.

1.2. Предмет на набавката: Автобус.

1.3. Вид и количество: По спецификација.

1.4. Вредност на набавката: Над 100.000 ДЕМ (пресметано во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ).

1.5. Постапката по овој отворен повик ќе се спроведе во согласност со Законот за јавни набавки.

1.6. Критериум за избор на најповолен понудувач:

- цена 30%,
- квалитет, технички карактеристики 20%,
- рок на испорака 20%,
- начин на плаќање 20%,
- гаранција и сервисна подршка 10%.

1.7. Рок на поднесување на понудите изнесува 20 (дваесет) дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на Отворениот повик.

1.8. Спецификацијата со технички карактеристики, може да се подигне во Управата за телекомуникации, секој работен ден за времетраењето на Отворениот повик од 10 до 14 часот.

1.9. Износот на надоместокот кој треба да се плати при подигање на спецификацијата е неповратен износ од 1.000,00 денари, и треба да се уплати на жиро сметка 40100-787-2297, даночен број 4030998401098, депонент Народна банка на Република Македонија, а во повикување на број задолжително да стои нашето претходно конто 725929-110.

2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата да се достави согласно спецификацијата.

2.2. Понудата треба да содржи поединечна цена, - односно основна цена, како и вкупна цена - цена до регистрација, со вкалкулиран данок и царина. Цената треба да биде изразена во денари и германски марки.

2.3. Понудата треба да содржи податоци за гарантен рок, начинот на сервисирање и одржување во гарантниот рок и надвор од гарантниот рок.

2.4. Понудувачите на возилото треба да доставаат доказ за потеклото на возилото, како и доказ за обезбеден сервис и резервни делови.

3. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1. Понудата се доставува во еден оригинален примерок, потпишана од страна на одговорното лице на понудувачот.

3.2. Понудите треба да се доставаат во затворен коверт, кој содржи два затворени и запечатени коверти. Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата и носи ознака "понуда", а другиот внатрешен коверт ја содржи документацијата и ја носи ознаката "документација".

3.3.На предната страна од ковертот, на горниот лев агол треба да биде назначено "не отворај", како и бројот на барањето, а во средината на ковертот треба да биде назначена адресата на набавувачот.

3.4. Придружните документи потребно е да се доставаат во оригинален примерок или тие доколку се фотокопија, да бидат заверени од страна на нотар.

3.5. Понудувачите покрај понудата, задолжително да ја доставаат следната придружна документација:

- Документ за бонитет, од носителот на платниот промет, чија содржина ја пропишува министерот за финансии со правилник. Странското правно или физичко лице кое се јавува како понудувач треба да достави сертификат-извештај за бонитет издаден од професионално репрезентативно тело на индустријата, трговијата, занаетчиството, земјоделството или на професионално здружение, односно ревизорски извештај од странска ревизорска институција, согласно член 22 од Законот за јавни набавки.

- Доказ од судот дека понудувачот не е под стечај или во процес на ликвидација, согласно член 24, точка а.

- Извод односно потврда од судот дека на понудувачот со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност-забрана за вршење на дејност согласно член 24, точка б.

3.6. Понудите треба да бидат придружени со банкова гаранција во износ од 5% од вкупната вредност на понудата, која треба да биде доставена во придружната документација.

3.7. Понудата треба да ги содржи сите податоци неопходни за проценка по сите критериуми за избор на најповолен понудувач од точка 1.6. Доколку тие податоци не се доставени, понудата ќе се смета некомплетна.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4.1. Отворањето на понудите ќе се изврши на ден 19.11.2001 година во 12.00 часот во просториите на Управата за телекомуникации.

4.2. Понудите кои не се предадени во предвидениот рок и не ги содржат бараните податоци, како и оние кои немаат доказ за финансиски бонитет нема да бидат разгледувани.

4.3. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

4.4. За дополнителни информации, понудувачите може да контактираат со лицето Љупчо Маневски на телефон 02/ 224-511.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки при ЈЗО Клинички Центар Скопје, објавува

ПОВТОРЕН ОТВОРЕН ПОВИК БР. 27/2001 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ-ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРО И МАШИНСКА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА АДАПТАЦИЈА НА ПРОСТОР ЗА АНГИОКАРДИОГРАФ НА ОЕ ИНСТИТУТ ЗА СРЦЕВИ ЗАБОЛУВАЊА ПРИ ЈЗО КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ, СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Набавувач по јавниот повик бр. 27/2001 е ЈЗО Клинички Центар - Скопје, ул."Водњанска" бр. 17.

2. Предмет на набавката се извршување на градежни работи-изведување на електро и машинска инсталација за адаптација на простор за ангиокардиограф на ОЕ Институт за срцеви заболувања.

3. Повикот е јавен, отворен и анонимен со право на учество на сите заинтересирани правни и физички лица.

4. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

5. Постапката за набавка е Отворен повик во согласност со Законот за јавни набавки.

6. Постои можност за поделба на изведбата, на електро и машинската инсталација.

II. ОБЕМ НА НАБАВКАТА-ИЗВЕДБАТА

Обемот на работите е даден во техничката документација-предмерот.

7. Комплетната техничка документација-предмер, заинтересираните понудувачи можат да ја добијат во архивата на ЈЗО Клинички Центар - Скопје, ул."Водњанска" бр. 17, со претходна уплата на 1.000 денари на жиро сметка 40100-603-13565, даночен број 4030996238238, Македонска банка Скопје. Само тој што ќе уплати за откуп на тендерската документација може да достави своја понуда. Тие понудувачи кои имаат веќе откупено тендерска документација, (во претходниот Отворен Повик бр. 27/2001), ќе можат да ја подигнат новата тендерска документација во архивата на Клиничкиот Центар - Скопје, без притоа да уплатат нови 1.000,00 денари.

III. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА-ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

8. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот и подизведувачите.

9. Понудата треба да го опфаќа целиот обем на набавката во согласност со техничката документација-предмерот. Понудите кои нема да го содржат целиот обем на предметот на набавката ќе бидат одбиени.

10. Понудата треба да ги содржи сите единечни цени и вкупна вредност на чинење за секоја позиција поединечно наведена во техничката документација-предмерот, со вклучен ДДВ.

11. Во понудите мора јасно да биде наведено дека цените се фиксни и непроменливи за периодот на важење на понудата.

12. Понудите можат да бидат изразени во било која конвертабилна странска валута. Само заради оценка на понудите, заедничка валута ќе биде денар. При споредувањето и оценувањето на понудите, цените, односно вредностите изразени во понудите во некоја странска конвертабилна валута, ќе бидат конвертирани во денари со примена на продажниот курс на странската конвертабилна валута од курсната листа на Народна банка на Република Македонија, што ќе важи на денот на јавното отворање на понудите.

13. Договорот со најповолниот понудувач ќе биде потпишан во валута во која е дадена понудата. Независно од тоа во која валута е дадена понудата, плаќањето ќе биде во денари.

14. Понудите мора да бидат со важност од 60 дена сметано од датата на јавното отворање на понудите.

15. Понудувачот мора да достави изјава дека го прифаќа начинот на плаќање наведен во точка 27 од овој јавен повик, односно дека се согласува плаќањето да биде вршено по ситуации заверени од надзорниот орган, во рок од 15 дена сметано од датата на заверката од страна на надзорниот орган.

16. Понудувачот мора да достави изјава за рокот за завршување на работите.

17. Понудувачот треба да достави гаранција за извршените работи за период од најмалку 12 месеци од денот на пуштање на објектот во употреба, за квалитетот на материјалите и опремата што ќе бидат вградени во објектот како и за правилно функционирање на истите. Гаранцијата треба да биде дадена од страна на понудувачот, во форма на изјава.

18. За квалитетот на понудената опрема и материјалот за вградување, понудувачот е должен да достави сертификат за квалитетот ISO 9001 или ISO 9002.

19. Понудувачот треба да достави референтна листа листа за досега извршени градежни работи од таков вид.

20. Понудувачот треба да достави доказ за финансиската способност-документ за бонитет издаден од надлежна институција во согласност со законската регулатива која ќе важи во времето на доставување на понудите. Документот треба да биде оригинал или копие заверено од нотар.

21. Понудувачот треба да достави судски документ со кој ќе се докаже дека:

- понудувачот не е во стечај или во процес на ликвидација;
- на понудувачот со правосилна судска одлука не му е изречена мерка на безбедност-забрана за вршење на дејноста.

Документот треба да биде оригинал или копие заверено од нотар.

22. Понудувачот треба да достави доказ за техничката оспособеност во согласност со член 23 од Законот за јавни набавки.

23. Понудувачот треба да достави доказ за кадровска опременост за изведување на таков вид на градежни работи.

24. Понудувачот со понудата треба да даде посебно објаснување како ја замислува изведбата на градежните работи без притоа да се наруши технологијата и условите за редовното работење на клиниката, а посебно на одделението.

IV. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА И ПОНУДИТЕ

25. Документацијата и понудата треба да бидат доставени во согласност со член 52, 53 и 54 од Законот за јавни набавки во еден оригинал и едно копие.

На предната страна од надворешниот плик, во горниот лев агол треба да стои "не отворај" Повторен Отворен Повик бр. 27/2001, а на средината адресата: ЈЗО Клинички Центар - Скопје, ул."Водњанска" бр. 17, 1000 Скопје.

Пратката се доставува во архивата на ЈЗО Клинички Центар - Скопје.

Надворешниот плик не смее да има никакви други ознаки или обележувања од кои може да се идентификува испраќачот.

Доколку надворешниот плик не биде запечатен, набавувачот ќе ја врати пратката на понудувачот, како не соодветно доставена понуда.

Во надворешниот плик треба да има два внатрешни запечатени плика, едното обележано "документација", а другото "понуда".

Во внатрешното плико "документација" треба да бидат документите наведени во овој јавен повик под точка 8, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24, а во пликото "понуда", понудата (во врска со точките 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14).

На внатрешните пликови треба да бидат наведени називот и адресата на понудувачот.

Документацијата и понудата мораат да бидат потпишани од овластено лице на понудувачот и оверени со печат.

Било какви исправки, прецртувања, пишувања преку постоечки текст во документацијата или понудата ќе бидат земени во предвид само ако бидат парафирани од овластеното лице на понудувачот.

V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

26. Критериумите за избор на најповолниот понудувач се:

- цена - 70 бода,
- начин на плаќање - 15 бода,
- рок на изведување - 15 бода.

VI. ПЛАЌАЊЕ

27. Плаќањето ќе биде во денари. Доколку понудата и договорот бидат во некоја странска конвертабилна валута, плаќањето ќе биде извршено во денари со примена на продажниот курс за конвертибилната валута, од курсната листа на Народна банка на Македонија, што ќе важи на денот на сочинување на ситуацијата.

28. Плаќањето ќе биде вршено по ситуации заверени од надзорниот орган, во рок од 15 дена сметано од датата на заверката од страна на надзорниот орган. Плаќањето ќе го врши Меѓународната проектна единица при Министерството за здравство.

VII. РОКОВИ

29. Краен рок за прием на документацијата и понудите на адресата наведена во точка 25 од овој јавен повик е: 15.11.2001 година во 12,00 часот.

30. Јавното отворање на понудите во присуство на претставници на понудувачите ќе се изврши на ден 15.11.2001 година во 12,30 часот на адреса ЈЗО Клинички Центар - Скопје, ул."Водњанска" бр. 17, во Управната зграда.

31. Документацијата и понудите што нема да бидат доставени во утврдениот рок нема да се разгледуваат.

VIII. ДРУГИ ВАЖНИ ОДРЕДБИ

32. Понудите кои нема да бидат доставени во согласност со Законот за јавни набавки и овој јавен повик како и понудите кои нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се земаат во предвид за понатамошно разгледување и истите ќе бидат одбиени.

33. Најповолниот понудувач ќе мора со потпишувањето на договорот да обезбеди и банкарска гаранција за извршување на договорот во висина на 5% од вредноста на договорот.

34. Средствата за финансирање на предметот на набавката се обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

35. Заинтересираните понудувачи можат да добијат дополнителни информации на тел.147664.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 15 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Јавното претпријатие "Комунална хигиена" Скопје, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 03-6226 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

I. За набавка на:

1. Моторна метлачка за метење на јавно прометни површини .....10 парчиња.

2. Специјално возило за подигање и транспорт на смет со запремнина од 4,5 $м^3$ за садови од 120 и 1100 литри со страничен отвор-врата за празнење на садовите.....1 парче.

Повикот е јавен, отворен и анонимен со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица, а ќе се спроведува по наведената постапка во член 31 од Законот за јавни набавки.

II. Тендерска документација за предметот на набавка односно технички карактеристики на средствата наведени под глава I, ред. бр. 1 и 2 се дадени во Прилог бр. 1 на овој повик, кој може да се добие во ЈП"Комунална хигиена"- Скопје, ул."Лазар Личеновски" бб, (VI барака), во работен ден од 9.00 до 14.00 часот.

III. Понудата треба да содржи:

1. име, адреса и седиште на понудувачот,

2. цена, поединечна и вкупна за наведените средства, без пресметана царина, со посебно искажан ДДВ, франко купувач,

3. квалитет на средствата според техничките карактеристики на производителот (по ИСО стандард и Законот за стандардизација ("Службен весник на РМ" бр. 23/95), а согласно бараните карактеристики со овој повик (каталог-проспект),

4. начин и услови на плаќање (можност за увоз на средствата),

5. рок на испорака на средствата,

6. гарантен рок (за секој од наведените средства и за одделни делови од истите),

7. обезбедени резервни делови, сервис и одржување,

8. упатство за ракување на македонски јазик и

9. рок на важност на понудата.

IV. Со понудата потребно е да се достави документација согласно Законот за јавни набавки (оригинал или заверена копија кај нотар) и тоа:

1. За финансиската и економската способност согласно член 22 од Законот, односно документ за бонитет издаден од носителот на платниот промет.

2. Докази согласно член 24 од Законот.

3. Доказ за техничка оспособеност на понудувачот согласно член 23 од Законот (наведена во Прилог бр. 1).

V. Критериумите за избор на најповолен понудувач согласно член 25, став 1, алинеја втора од Законот се наведени во Прилог бр. 1 на овој повик.

VI. Доставување на понудата:

1. Понудата со назнака за Отворен повик бр. 03-6226 во оригинален примерок и потпишана од овластено лице на понудувачот и документацијата од глава IV треба да биде уредно доставена согласно член 52, 53 и 54 од Законот, на адреса: ЈП"Комунална хигиена", ул."Лазар Личеновски" бб (VI барака), Скопје по пошта, лично во архивата или со предавање на Комисијата на самото јавно отворање.

2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда, за сите средства или за дел од истите наведени во глава I на овој повик.

VII. Рок за доставување на понудите

1. Отворениот повик трае 15 дена од денот на објавувањето во дневниот печат и "Службен весник на РМ", а денот, времето и местото на отворањето на понудите во присуство на понудувачите ќе бидат наведени во Прилог бр. 1.

2. Понудите кои не се доставени во утврдениот рок, кои не ги содржат бараните податоци и документација од овој повик, нема да се разгледуваат.

3. Дополнителни појаснувања може да се добијат на телефон 02/22 90 39 и 61 32 98

ЈП"Комунална хигиена" Скопје

СОДРЖИНА

Страница

1488. Указ за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Белгија..... 4819

1489. Указ за поставување вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Белгија..... 4819

1490. Одлука воведување визен режим за државјаните на Република Унгарија..... 4819

1491. Одлука за доделување на наградата "11 Октомври" за 2001 година за долгогодишни особено значајни остварувања во културата, уметноста, науката, образованието и стопанството од интерес за Република Македонија..... 4819

1492. Наредба за задолжително атестирање (хомологација) на возилата на тркала на опремата и делови за моторни возила..... 4820

1493. Правилник за начинот и постапката на депонирање и враќање, односно издавање на привремено одземени предмети..... 4822

1494. Правилник за начинот и постапката на меѓусебното известување на органите на надзор..... 4823

1495. Правилник за начинот на пријавувањето, уписот на вложувањето, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на недвижности на нерезидентите во Република Македонија..... 4823

1496. Правилник за начинот на пријавувањето, уписот на вложувањето, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на недвижности на резидентите во странство..... 4826

1497. Правилник за видот и содржината на потврдата за привремено одземени предмети..... 4829

1498. Правилник за формата и содржината на легитимацијата на даночен инспектор..... 4830

1499. Правилник за формата и содржината на службена легитимација на даночен извршител..... 4831

1500. Решение од Државниот завод за геодетски работи..... 4832

1501. Решение од Државниот завод за геодетски работи..... 4832

Издавач: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.– Скопје, бул. "Партизански одреди" бр. 29.

В.д. директор и одговорен уредник - Кокан Лазаревски.

Телефони 129-036, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.

Жиро-сметка 40100-603-12498. Бр. за ДДВ МК – 4030987108771. Депозитор – Комерцијална банка, АД – Скопје.

Печат: НИП "Нова Македонија" – АД – Скопје.